# ИСТРАЖУВАЊА ОД ПЕРЦЕПЦИЈАТА ЗА РОДОВИТЕ ФОРМИ НА КОРУПЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СЕКТОРИ ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА





ОБСЕ
Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

**НАСЛОВ: ИСТРАЖУВАЊА ЗА СЕКСУАЛНАТА ИЗНУДА КАКО ФОРМА НА КОРУПЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СЕКТОРИ ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА**

**Автори:** ТИМ Институт

**Лектура македонски:** Елена Георгиевска

ISBN: 978-92-9271-069-9

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

www.osce.org/skopje

© OSCE Mission to Skopje 2022

Сите права се задржани. Содржината на оваа публикација може слободно да се користи и да се умножува во образовни и во други некомерцијални цели, под услов при секоја таква репродукција да се наведе Мисијата на ОБСЕ во Скопје како извор.

Материјалите во оваа публикација служат само за полесно реферирање. Иако Мисијата на ОБСЕ во Скопје вложи најголема грижа при нивниот развој, таа не прифаќа никаква одговорност за точноста и за комплетноста на дадените информации, упатства и совети или за какви било настанати грешки при печатење. Содржината на оваа публикација, ставовите, мислењата, наодите, толкувањата и заклучоците изразени овде, не мора да ја одразуваат официјалната политика или позицијата на ОБСЕ. Од овие причини, кон ОБСЕ не може да има побарувања во однос на потенцијални последици од потпирањето на информации или заклучоци содржани во оваа публикација.



# Содржина

ИЗВЕШТАЈ ОД ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПЕРЦЕПЦИЈАТА ЗА РОДОВИТЕ ФОРМИ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

РЕЗИМЕ 6
МЕТОДОЛОШКИ ИЗВЕШТАЈ 8
ДЕМОГРАФСКА СТРУКТУРА НА ИСПИТАНИЧКИТЕ 11
1. Влијание на корупцијата 12
2. Корупцијата како проблем 14
3. Поттикнување и подложност на корупција 16
4. Искуство со корупцијата 18
5. Изнуда на сексуални услуги 19
6. Присуство на сексуални услуги 21
7. Лично искуство 24
8. Заштитено пријавување 34
9. Препознаеност на специфични форми на корупција 38
10. Искоренување на корупцијата 42
КЛУЧНИ НАОДИ 44

ИЗВЕШТАЈ ОД ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПЕРЦЕПЦИЈАТА ЗА РОДОВИТЕ ФОРМИ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

РЕЗИМЕ 52
МЕТОДОЛОШКИ ИЗВЕШТАЈ 54
ДЕМОГРАФСКА СТРУКТУРА НА ИСПИТАНИЧКИТЕ 57
1. Корупцијата како проблем 58
2. Поттикнување и подложност на корупција 61
3. Изнуда на сексуални услуги од вработени во државна администрација кон граѓани како корисници на услуги 66
4. Препознаеност на специфични форми на корупција 68
5. Присуство на сексуална изнуда во институции 72
6. Изнуда на сексуални услуги во рамки на самите јавни институции (вработени од позиција на авторитет и моќ кон останати вработени) 76
7. Лично искуство 80
8. Заштитено пријавување 89
9. Искоренување на корупцијата 93
КЛУЧНИ НАОДИ 97

# ИЗВЕШТАЈ ОД ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПЕРЦЕПЦИЈАТА ЗА РОДОВИТЕ ФОРМИ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**-студенти-**

Август, 2022

Скопје

# РЕЗИМЕ

Родовата еднаквост подзразбира дека жените и мажите имаат еднакви права и можности да го реализираат својот индивидуален потенцијал, притоа придонесувајќи за економскиот и социјалниот развој на нивната земја и за возврат на тоа да добиваат некоја корист од нивното учество во општеството.

Корупцијата ги загрозува човековите права и придонесува за зголемување на социјалната, културната, политичката и институционалната дискриминација, и истовремено го спречува постигнувањето на родовата еднаквост, ги влошува родовите разлики, ги зголемува социјалните нееднаквости во пристапот до јавните услуги.

Современите истражувања се обидуваат да ги објаснат разликите меѓу жените и мажите во разбирањето и доживувањето на корупцијата, родовата припадност на оние кои се вклучени во дела на корупција, разликите во „валутата" што ја користат жените и мажите за да платат за актите на корупцијата и различното влијание на корупцијата врз животите на мажите и жените.

Во Република Северна Македонија недостигаат емпириски податоци поврзани со родовите форми на корупција, влијанието на родовите форми на корупција, отпорноста кон овие форми на корупција итн. По спроведеното национално истражување на репрезентативен примерок на жени во Република Северна Македонија за да се провери нивната перцепција, поврзана со родовите форми на корупција во 2021 година, особено сексуалната изнуда, беа детектирани два сектора од општеството како најранливи на сексуална изнуда како форма на корупција, а тоа се: високото образование и државната администрација.



Извештај од истражување на перцепцијата за родовите форми на корупцијата во високото образование во Република Северна Македонија

Недостатокот од емпириски податоци поврзани со родовите форми на корупција, особено за состојбата во високото образование, беше дополнителен поттик за спроведување на ова истражување.

Со цел да се обезбедат релевантни податоци беше спроведена анкета на репрезентативен примерок на популација која сè уште е во образовен процес во високото образование, студенти од прва до шеста година на факултет, како и студенти кои се на постдипломски студии во Република Северна Македонија.

Наодите од ова истражување може да се користат за понатамошна дискусија со цел да се подигне свеста кај креаторите на политиките за потребата од институционализирање и криминализирање на родовите форми на корупција во Република Северна Македонија.

# МЕТОДОЛОШКИ ИЗВЕШТАЈ

Во истражувањето е користен репрезентативен примерок на популација која сè уште е во образовен процес само во високото образование, студенти од прва до шеста година на факултет како и студенти кои се на постдипломски студии во Република Северна Македонија. Истражувањето е спроведено на вкупно 800 испитаници (од вкупно 51.582 студента во РСМ), студенти од сите акредитирани високообразовни институции во Република Северна Македонија (државни и приватни).

За целите на истражувањето се користеше телефонско CATI интервју.

## Дизајн на примерок

Во фазата на креирање примерок, за високообразовниот сектор, Институтот ги зема предвид: родот, етничката припадност, годината на студирање и универзитетите на ниво на земјата.

Таргет бројот на интервјуа пропорционално беше дистрибуиран според вкупниот број на студенти во земјата во согласност со најновите достапни податоци од Пописот 2021.

Според податоците на Државниот завод за статистика, во Република Северна Македонија, во академската 2021/2022 година се запишале вкупно 51.582 студента.

Бројот на запишани студентки е 29.858 или 58 %. Најголем број студенти (83 %) се запишале на државните високообразовни установи, додека 16,8 % се запишале на приватните високообразовни установи.[1]

[1] https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=29.



Извештај од истражување на перцепцијата за родовите форми на корупцијата во високото образование во Република Северна Македонија

## Избор на испитаници

Секој анкетар мора да има најмалку три обиди за да стапи во телефонски контакт со селектираното домаќинство. Доколку и по трите обиди во текот на работата не е воспоставен контакт со домаќинството, се контактира со друго домаќинство според процедурата за избор на домаќинство.

Резултатите од сите обиди за контакт анкетарите ги запишуваат во таканаречена листа за контакти.

Во едно домаќинство смее да се анкетира само едно избрано лице.

## Систем за контрола на квалитет

Околу 25 % од спроведените интервјуа се предмет на контрола.

## Анкетарска и супервизорска мрежа

Истражувањето го спроведе развиена и искусна мрежа на анкетари (телефонисти) на македонски и албански јазик.

На овој проект работеа 29 искусни анкетари .

## Времетраење на истражувањето

Пред почетокот на телефонската анкета сите анкетари добија теоретска обука за методологијата и процедурата на работа која вклучува објаснување на значењето и имплементацијата на следните процедури:

- Селекција на домаќинството;
- Селекција на испитаникот;
- Објаснување на методот за пополнување на програмскиот прашалник.

Истражувањето беше спроведено од 23.6. 2022 до 4.7. 2022 година.

Професионалниот софтвер за статистичка обработка на податоците SPSS за Windows беше употребен за процесирање и анализа на добиените податоци.

SPSS за Windows и Microsoft Office за Windows (Word и Excel) беа употребени за подготвување на извештајот, графиконите и табелите.



Извештај од истражување на перцепцијата за родовите форми на корупцијата во високото образование во Република Северна Македонија

# ДЕМОГРАФСКА СТРУКТУРА НА ИСПИТАНИЦИТЕ

## РОД




## ГОДИНА НА СТУДИИ




## НАЦИОНАЛНОСТ




## НАСЕЛЕНО МЕСТО



# 1. Влијание на корупцијата

Дека корупцијата влијае подеднакво и врз жените и врз мажите сметаат седум од десет испитаници.

Од графиконот подолу може да се забележи дека 14 % проценуваат дека корупцијата повеќе влијае врз жените, додека 10 % истакнуваат дека таа има поголемо влијание врз машката популација.

**Графикон бр. 1** Според ваше мислење, дали корупцијата подеднакво негативно влијае и врз жените и врз мажите?




И покрај тоа што поголем број од испитаниците сметаат дека корупцијата подеднакво влијае и на мажите и на жените, од разгледаните одговори низ призмата на демографските карактеристики, се забележува дека жените за 6 % повеќе сметаат дека корупцијата повеќе влијае врз жените, но и мажите за двојно повеќе одговараат дека корупцијата повеќе влијае на мажите. Исто така, студентите припадници на албанската етничка заедница во поголем обем сметаат дека корупцијата повеќе влијае на жените (Македонци 11 %, Албанци 25 %).

| | | Род | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Маж | Жена | |
| Според ваше мислење, дали корупцијата подеднакво негативно влијае и врз жените и врз мажите? | Корупцијата повеќе влијае на жените | 10,8 % | 16,3 % | 14,1 % |
| | Корупцијата повеќе влијае на мажите | 13,9 % | 7,7 % | 10,2 % |
| | Подеднакво и на мажите и на жените | 71,2 % | 73,3 % | 72,4 % |
| | Без одговор | 4,0 % | 2,7 % | 3,2 % |
| | | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % |

| | | Етничка припадност | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | Албанци | Помали етнички заедници | |
| Според ваше мислење, дали корупцијата подеднакво негативно влијае и врз жените и врз мажите? | Корупцијата повеќе влијае на жените | 11,1 % | 24,5 % | | 14,1 % |
| | Корупцијата повеќе влијае на мажите | 8,7 % | 14,5 % | 11,5 % | 10,2 % |
| | Подеднакво и на мажите и на жените | 77,1 % | 57,0 % | 88,5 % | 72,4 % |
| | Без одговор | 3,1% | 4,0 % | | 3,2 % |
| | | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % |

Извештај од истражување на перцепцијата за родовите форми на корупцијата во високото образование во Република Северна Македонија

# 2. Корупцијата како проблем

Корупцијата во најширока смисла се одредува како злоупотреба на службената должност заради прибавување на корист за себе или за друг. Под корупција се подразбира и секој облик на злоупотреба на положбата или овластувањето заради остварување на корист за себе или за друг, било да се работи за јавен или за приватен сектор.

Имајќи ја предвид чувствителноста на феноменот а особено неговата поврзаност со следење случаи на корупција и утврдување на можностите за ефикасна борба против корупцијата, таа треба да се реализира и имплементира на неполитички, неутрален, независен, фер, транспарентен и, пред сè, на законски начин.

Следното прашање се однесува на перцепцијата за распространетоста на корупцијата во високото образование од страна на испитаниците. Графиконот прикажува во колкав обем ја третираат корупцијата како проблем.

Се забележува дека речиси две третини, односно 65 % истакнале дека корупцијата е голем проблем, 19 % истакнале дека таа е мал проблем, додека за 3 % од испитаниците корупцијата воопшто не претставува проблем во високото образование.

Од ова може да се заклучи дека мнозинството од испитаниците (84 %) се согласуваат дека корупцијата е **проблем** во високото образование во нашата земја, додека шест од десет испитаници истата ја проценуваат како **голем** проблем.

Оние испитаници кои одговориле дека корупцијата е проблем во високото образование, дополнително беа запрашани да го оценат интензитетот на проблемот на скала од 1 до 9, каде 1 е најмалку а 9 е најмногу. Средната оценка од нивните одговори изнесува **6,87,** што претставува висок интензитет на присуство на проблемот.

**Графикон бр. 2** Според ваше мислење, дали корупцијата е голем проблем, мал проблем или воопшто не е проблем во високото образование?




Студентите припадници на албанската етничка заедница во помал обем истакнуваат дека, општо земено, корупцијата претставува голем проблем во високото образование? (Македонци 69 %, Албанци 51 %).

| | | Етничка припадност | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | Албанци | Помали етнички заедници | Вкупно |
| Според ваше мислење, дали корупцијата е голем проблем, мал проблем или воопшто не е проблем во високото образование? | Голем проблем | 68,9 % | 51,5 % | 76,9 % | 64,8 % |
| | Мал проблем | 21,7 % | 13,5 % | 3,8 % | 19,1 % |
| | Воопшто не е проблем | 3,1 % | 4,5 % | | 3,4 % |
| | Одбива да одговори | 1,7 % | 18,0 % | 7,7 % | 6,0 % |
| | Без одговор | 4,5 % | 12,5 % | 11,5 % | 6,7 % |
| | | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % |

# 3. Поттикнување и подложност на корупција

Следниот сет од прашања се однесува на поттикнувањето и подложноста на корупција во високото образование. Во однос на поттикнувањето, испитаниците ги оценуваат различните извори на корупција на скала од 1 до 9, каде што со 1 е означено најмалку поттикнува, а со 9 најмногу поттикнува.

Според испитаниците, како **главен поттикнувач на корупцијата во високото образование се издвојува наставно-научниот кадар** (професори, доценти, асистенти) и оценети се со просечна оценка 6,4. Веднаш по нив се посредниците (со средна оценка 5,8), а потоа следат раководниот кадар, деканите и продеканите (со средна оценка 5). Студентските прашања (и останатата администрација) како и семејството на студентот се идентично оценети со просечна оценка 4,5. Испитаниците ги оценуваат самите студенти како најретки поттикнувачи на корупција во високото образование (со средна оценка 4,4).

**Графикон бр. 3** Според ваше мислење, од наведените случаи, во кој обем сметате дека секој од нив ја поттикнува корупцијата во високото образование? На скала од 1 до 9, каде што 1 е најмалку што поттикнува а 9 најмногу








Подложноста на корупција разгледувана низ призмата на одговорите на испитаниците, покажува дека таа е застапена од аспект на родот. Повеќе од две третини (77 %) истакнале дека **не препознаваат родови аспекти на корупцијата,** односно и мажите и жените се подеднакво подложни на корупција. Околу 10 % од испитаниците сметаат дека кај жените подложноста кон корупција е помала отколку кај мажите, но речиси исто толку испитаници (10 %), пак, сметаат сосема спротивно, дека жените се повеќе подложни на корупција во однос на мажите. Не се забележуваат статистички значајни разлики во одговорите на испитаниците разгледувани низ призмата на нивните демографски карактеристики.

**Графикон бр. 4** Според ваше мислење, дали жените се подеднакво подложни на корупција како и мажите (кој е покорумпиран)?



# 4. Искуство со корупција

Во однос на личното искуство со корупција во високото образование, дури 13 % од испитаниците изјавиле дека им се случило професорот/професорката да не бара директно, но преку посредник да им каже дека очекува пари, подарок или услуга. Околу еден од десет испитаници самоиницијативно подарил пари, подарок или услуга на професор/ка. Лице од администрација/студентски прашања побарало пари, подарок или услуга на 6 % од испитаниците, а истиот процент се појавува и кај оние што изјавиле дека професор/ка директно им побарал/а пари, подарок или услуга. Само на 3 % од испитаниците им се случило декан/продекан или друго раководно лице да им побара пари, подарок или услуга, што покажува дека тие се најретки извори на корупција во високото образование.

**Графикон бр. 5** Во текот на вашите студии, дали ви се случило нешто од следново?






Извештај од истражување на перцепцијата за родовите форми на корупцијата во високото образование во Република Северна Македонија

# 5. Изнуда на сексуални услуги

Формите на корупција можат да бидат различни. Корупцијата подразбира искористување на функцијата и положбата во противзаконити или неетички цели за остварување на некаква корист. Изнудата на сексуални услуги од страна на вработени во високото образование во замена за давањето на некоја услуга како **форма на корупција ја препознаваат 89 % од испитаниците**.

Само 7 % од испитаниците сметаат дека изнудата на сексуални услуги од страна на вработени во високото образование во замена за давањето на некоја услуга не претставува форма на корупција, додека 4 % изразиле неможност да препознаат корупција во изнудата на сексуални услуги.

**Графикон бр. 6** Дали сметате дека изнудата на сексуални услуги од страна на вработени во високото образование заради давање на некоја услуга претставува форма на корупција?



Од испитаниците кои се согласуваат дека сексуалната изнуда е форма на корупција во високото образование, дури **16 % сметаат дека истото се случува многу често** во нашата земја. Повеќе од една третина од испитаниците (39 %) изјавуваат дека тоа се случува **понекогаш**, додека 23 % сметаат дека ова е **ретка** појава во високото образование. Само 2,5 % од испитаниците тврдат дека **никогаш** не се случува изнуда на сексуални услуги од страна на лица од позиција на моќ во високо-образовните институции.

**Графикон бр. 7** Колку често сметате дека се случува сексуалната изнуда како форма на корупција во високото образование (база 714 испитаници)?






Извештај од истражување на перцепцијата за родовите форми на корупцијата во високото образование во Република Северна Македонија

# 6. Присуство на сексуални услуги

Најчестите ситуации во коишто лицата кои се на позиција на моќ во високото образование (професор, шеф на катедра, декан...) бараат сексуални услуги во замена за давање на услуга се прикажани на следниот графикон.

На прашањето кое нуди можност за повеќе одговори, најголем дел од испитаниците (77 %) сметаат дека тоа најчесто се случува за студентот да положи испит, 41 % тврдат дека сексуалната изнуда се случува за добивање на повисока оценка, а 38 % изјавиле дека тоа се случува за вработување во рамките на факултетот по завршувањето на студиите, каде едно лице може да биде извршител на дејствие кое е недозволено, особено при примена на дискреционите права на членовите на комисијата да изберат кандидат според лични мотиви и мислења кои најчесто се ирелевантни за самата постапка или работата кое лицето треба да ја врши.

Според испитаниците, сексуалната изнуда може да се користи за да се избегне казна или проблем на студентот/студентката (21 %) или, пак, за да се забрза некоја работа/процедура која му е потребна на студентот/студентката (21 %). Најретко спомнувана ситуација во која лицата кои се на позиција на моќ во високото образование бараат сексуални услуги е при упис на факултет (11 %).

Извештај од истражување на перцепцијата за родовите форми на корупцијата во високото образование во Република Северна Македонија

**Графикон бр. 8** Во кои ситуации би рекле дека лицата кои се на позиција на моќ во високото образование (професор, шеф на катедра, декан..) најчесто бараат сексуални услуги?




Од разгледаните одговори на испитаниците низ призмата на родот, се забележува дека мажите почесто истакнуваат дека лицата кои се на позиција на моќ во високото образование најчесто бараат сексуални услуги за да се забрза некоја работа и да се избегне казна, додека жените почесто сметаат дека тоа се случува во интерес на добивање повисока оценка.

| | | Род | |
|---|---|---|---|
| | | Маж | Жена |
| Во кои ситуации би рекле дека лицата кои се на позиција на моќ во високото образование (професор, шеф на катедра, декан..) најчесто бараат сексуални услуги? | За да се забрза некоја работа/процедура која му е потребна на студентот / студентката | 23,5 % | 19,4 % |
| | За да се избегне казна/проблем на студентот / студентката | 26,0 % | 18,2 % |
| | За вработување (во рамките на факултетот по завршување на студиите) | 38,1 % | 37,8 % |
| | За да се положи испит | 77,7 % | 76,8 % |
| | За повисока оценка | 39,6 % | 43,0 % |
| | За упис на факултет | 12,7 % | 10,4 % |

# 7. Лично искуство

Следното прашање го детектира искуството на испитаниците поврзано со изнудата на сексуални услуги од страна на лице од позиција на моќ во високото образование, без оглед дали е лично искуство или познаваат некого кој имал такво искуство.

Се забележува дека речиси две третини (65 %) од испитаниците не истакнуваат ниту лично ниту туѓо искуство поврзано со оваа форма на корупција, но, секако, треба да се земе предвид дека зборувањето за искуството поврзано со изнудата на сексуални услуги остава простор за општествено етикетирање и непријатност која се одразува на понатамошниот живот на жртвата.

Околу 22 % од испитаниците истакнале дека немале лично искуство но познаваат некого кој минал низ оваа форма на корупција и 2,6 % испитаници кои лично доживеале и се справиле со последиците на изнуда на сексуални услуги. Од овие 2,6 % или 21 испитаник, седуммина се мажи а 14 се жени. Во однос на етничката припадност, 10 студенти се етнички Македонци а 11 студенти се припадници на албанската етничка заедница.





**Графикон бр. 9** Дали вие лично или ваши познаници сте имале искуство со лице од позиција на моќ во високото образование (професор, шеф на катедра, декан..), да бара сексуални услуги како форма на корупција?




Исто така, разгледувајќи ги одговорите на испитаниците низ призмата на нивната етничка припадност, се забележува дека студентите припадници на албанската етничка заедница во поголем број одбиваат да одговорат на ова прашање.

| | | | РОД | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Маж | Жена | |
| Дали вие лично или ваши познаници сте имале искуство со лице од позиција на моќ во високото образование (професор, шеф на катедра, декан..), да бара сексуални услуги како форма на корупција? | Да, на мене лично ми се случило | Број | 2 | 3 | 5 |
| | | % | 0,6 % | 0,6 % | 0,6 % |
| | На мене лично и на некој што го познавам | Број | 5 | 11 | 16 |
| | | % | 1,5 % | 2,3 % | 2,0 % |
| | Немам лично искуство, но познавам некого | Број | 68 | 109 | 177 |
| | | % | 21,1 % | 22,8 % | 22,1 % |
| | Ниту лично искуство ниту познавам некого | Број | 202 | 317 | 519 |
| | | % | 62,5 % | 66,2 % | 64,7 % |
| | Без одговор | Број | 46 | 39 | 85 |
| | | % | 14,2 % | 8,1 % | 10,6 % |
| | Вкупно | Број | 323 | 479 | 802 |
| | | % | % | 100,0 % | 100,0 % |

| | | | Етничка припадност | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | Албанци | Помали етнички заедници | |
| Дали вие лично или ваши познаници сте имале искуство со лице од позиција на моќ во високото образование (професор, шеф на катедра, декан..), да бара сексуални услуги како форма на корупција? | Да, на мене лично ми се случило | Број | 4 | 1 | 0 | 5 |
| | | % | 0,7 % | 0,5 % | 0,0 % | 0,6 % |
| | На мене лично и на некој што го познавам | Број | 7 | 9 | 0 | 16 |
| | | % | 1,2 % | 4,5 % | 0,0 % | 2,0 % |
| | Немам лично искуство, но познавам некого | Број | 138 | 35 | 4 | 177 |
| | | % | 24,0 % | 17,5 % | 15,4 % | 22,1 % |
| | Ниту лично искуство ниту познавам некого | Број | 415 | 83 | 21 | 519 |
| | | % | 72,0 % | 41,5 % | 80,8 % | 64,7 % |
| | Без одговор | Број | 12 | 72 | 1 | 85 |
| | | % | 2,1 % | 36,0 % | 3,8 % | 10,6 % |
| Вкупно | | Број | 576 | 200 | 26 | 802 |
| | | % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % |

Графиконот подолу ги претставува одговорите на 21 испитаник (како 100 %) кои имале лично искуство со изнуда на сексуални услуги. Од нив, 62 % не пријавиле (13 испитаници) додека 33 % (7 испитаници) ја пријавиле изнудата. Само еден испитаник или 5 % одбил да одговори на ова прашање. За компарација, истражувањето за родови аспекти на корупцијата спроведено минатата година на репрезентативен примерок од 1000 жени во Република Северна Македонија, дава речиси идентична дистрибуција на одговори. Имено, 37 % од жените кои имале лично искуство со изнуда на сексуални услуги во која било сфера на општественото живеење, пријавиле изнуда, додека 61 % не го сториле истото, додека 2 % одбиле да одговорат на прашањето.



Извештај од истражување на перцепцијата за родовите форми на корупцијата во високото образование во Република Северна Македонија

**Графикон бр. 9_1** Дали пријавивте кога лице од позиција на моќ во високото образование (професор, шеф на катедра, декан...) ви побарал сексуални услуги како форма на корупција? (база 21 испитаник)




Од вкупно 24 % или 193 испитаници, кои познаваат некого што се соочил со изнудата на сексуални услуги, само 13,5 % од нив (26 испитаници) имаат сознанија дека жртвата го пријавила делото.

**Графикон бр. 9_2** Дали вашата позначничка пријавила искуство со изнуда на сексуални услуги наместо барање пари/мито како форма на корупција?



Склоноста кон пријавување на изнудата на сексуални услуги, што се забележува низ одговорите на испитаниците, во голема мера се зголемува кога беа прашани хипотетички дали, доколку во иднина нешто слично би им се случило, би пријавиле. На ова прашање одговараа само испитаниците кои претходно не пријавиле досегашно искуство со изнудата на сексуални услуги. Од вкупно 696 испитаници (87 % од вкупниот број испитаници), 77 % би се одважиле да го пријават делото, а 11 % од испитаниците истото би го задржале само за себе. Околу една осмина од испитаниците изразиле неможност да си претставаат хипотетичка ситуација за изнуда на сексуални услуги која би ја пријавиле.

**Графикон бр. 10** Доколку нешто слично ви се случи лично на вас, дали би пријавиле? (база 696 испитаници)




Од 537 испитаници кои би пријавиле доколку во иднина би сведочеле за изнуда на сексуални услуги, 22 % од испитаниците случајот би го пријавиле во самата институција каде истиот се случил (во самиот факултет), а мнозинството испитаници (78 %) случајот би го пријавиле во друга соодветна надворешна институција.

Заштитеното внатрешно пријавување или укажување се врши внатре, односно во самата институција или правно лице каде што се врши/ќе се изврши одреденото недозволено постапување.





Во согласност со Законот, раководното лице во институциите во јавниот сектор назначува овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување. Во институциите каде нема овластено лице, заштитеното внатрешно пријавување се врши до раководното лице. [2]

Овластеното лице е должно да го информира укажувачот најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата. Притоа, овластеното лице е должно да ги заштити личните податоци на укажувачот, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој пријавува анонимно или доверливо, во согласност со прописите за заштита на личните податоци,[3].

**Графикон бр. 11** Доколку би пријавиле изнуда на сексуални услуги, каде би пријавиле?




Речиси половина од вкупно 116 испитаници кои сексуалната изнуда би ја пријавиле во самата институција, каде што тоа им се случило, истото би го сториле кај деканот или продеканот на нивниот факултет (49 %). Од останатите испитаници, 20 % случајот би го пријавиле во одредена служба на факултетот, 10 % би пријавиле кај назначеното лице на факултетот за заштитено пријавување, а останатите би се обратиле

[2] Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор, „Службен весник“, бр. 46 / 2016.

[3] Закон за заштита на укажувачите, член 4, „Службен весник“, бр. 196/2015, 35/18.

кај ректоратот, правната служба и сопственикот на факултетот (во рамки на приватните факултети).

**Графикон бр. 12** Кај кого би пријавиле од самата институција каде што тоа ви се случило?




| | | РОД | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Маж | Жена | |
| Кај кого би пријавиле од самата институција каде што тоа ви се случило | Сектор за заштитено пријавување | 15,9 % | 5,6 % | 9,5 % |
| | Ректорат | 9,1 % | 6,9 % | 7,8 % |
| | Декан, продекан | 43,2 % | 52,8 % | 49,1 % |
| | Правна служба | 2,3 % | 6,9 % | 5,2 % |
| | Служба на факултет | 22,7 % | 18,1 % | 19,8 % |
| | Сопственик | 2,3 % | | 0,9 % |
| | Не знам | 4,5 % | 9,7 % | 7,8 % |
| | | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % |



Извештај од истражување на перцепцијата за родовите форми на корупцијата во високото образование во Република Северна Македонија

Заштитеното надворешно пријавување е тип на укажување што се врши надвор од самата институција, односно правното лице каде што се врши/ќе се изврши одреденото недозволено постапување. Надлежни институции за надворешно пријавување се: Министерството за внатрешни работи; Јавното обвинителство, Државната комисија за спречување на корупција, Народниот правобранител и други надлежни институции.

Во однос на испитаниците кои преферираат сексуалната изнуда да ја пријават надвор од факултетот, институцијата која најчесто се споменува е Полицијата. Од вкупно 421 испитаник, околу две третини ја издвоиле Полицијата како институција каде би го рапортирале случајот (66 %), 14 % би се обратиле во ДКСК, 8 % би пријавиле кај народниот правобранител, а 6 % од испитаниците се изјаснија дека случајот би го пријавиле „секаде“. Останатите испитаници сексуалната изнуда би ја пријавиле во граѓански организации, МОН, кај своите родители и на медиуми.

**Графикон бр. 13** Во која друга, соодветна надворешна институција би ја пријавиле сексуалната изнуда?



Како што  и претходно е споменато, општественото стигматизирање, предрасудите, етикетирањето и табуата излегуваат на виделина преку одговорите на испитаниците кои не би пријавиле изнуда на сексуални услуги. Од вкупно 75 испитаници, 29 % или 22 од нив, истакнуваат недоверба во системот со одговорот дека пријавувањето нема да има никаков ефект, додека 20 % или 15 испитаници не би пријавиле заради недоверба во самата институција каде што би пријавиле. Кај 17 % или 13 испитаници главната причина е стравот од одмазда на лицето кое е со позиција на моќ во високото образование. Кај 12 % или 9 испитаници, би преовладал срамот и осудата од околината поради кои не би пријавиле, додека 13 % или 10 испитаници не би пријавиле од страв дека ќе бидат осудени дека сами се виновни или сами ја предизвикале изнудата на сексуални услуги.

**Графикон бр. 14** Зошто не би пријавиле  изнуда на сексуални услуги?




Овие податоци покажуваат дека на нашето општество итно му е потребна поголема посветеност во креирањето политики и во спроведувањето на законите заради  создавање поголема доверба во институциите на системот.



Извештај од истражување на перцепцијата за родовите форми на корупцијата во високото образование во Република Северна Македонија

Решавањето на последиците кои го обременуваат животот на жртвата на изнуда на сексуални услуги, секако, се и обврска на државата.

Интересен е фактот дека разгледувајќи ги податоците низ призмата на родот на испитаниците, кај студентките се забележува поголем број на одговори дека пријавата не би имала ефект (мажи 18 %; жени 38 %) и поради срам од околината (мажи 6 %; жени   17 %). Кај студентите припадници на машкиот пол, во поголем обем се забележуваат одговори дека немаат доверба во институцијата (мажи 30 %, жени 12 %). Имајќи предвид дека вкупниот број на испитаници за ова прашање изнесува 75, и поради тоа, податоците треба да се земат само како индикатори.

Исто така, разгледувајќи ги одговорите на испитаниците низ призмата на нивната етничка припадност, се забележува дека студентите припадници на албанската етничка заедница во поголем број ги истакнуваат одговорите: срам од околината (Македонци  6 %, Албанци 17 %),  страв од осуда (Македонци 9 %, Албанци 17 %) и страв од одмазда (Македонци 9 %, Албанци 24 %). Кај студентите етнички Македонци, пак, во поголем обем преовладуваат одговорите кои се однесуваат на недоверба во институцијата, (Македонци 39 %, Албанци 5 %). Повторно, мора да се забележи дека поради малиот број на испитаници, овие податоци може да се земат само како индикатор за појавата без истите да се генерализираат на популацијата од интерес на истражувањето.

# 8. Заштитено пријавување

Врз основа на Законот за заштита на укажувачи, заштитено пријавување е пријавување со кое се пренесува **разумно** сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес.

Со овој Закон се уредуваат заштитеното пријавување, правата на укажувачите, како и постапувањето и должностите на институциите, односно правните лица во врска со заштитеното пријавување и обезбедувањето заштита на укажувачите.

Загрижувачки е фактот што дури 70 % од студентите испитаници не се информирани за можноста за заштитено пријавување на својот факултет. Само една третина од испитаниците слушнале за постоењето на ваква служба, што очигледно укажува на тоа дека факултетите не ги преземале потребните мерки за да ги информираат своите студенти за постоењето на овие служби.



Извештај од истражување на перцепцијата за родовите форми на корупцијата во високото образование во Република Северна Македонија

**Графикон бр. 15** Дали сте слушнале за можноста за заштитено пријавување на вашиот факултет (каде што може да пријавите сомневање или сознание дека е извршено, дека се извршува или дека е веројатно дека ќе се изврши казниво или друго незаконито постапување)?




И покрај тоа што само една третина од испитаниците слушнале за заштитено пријавување на факултетот, се забележува дека кај студентите припадници на албанската етничка заедница тој процент е поголем во однос на нивните останати колеги.

| | | Етничка припадност | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | Албанци | Помали етнички заедници | |
| Дали сте слушнале за можноста за заштитеното пријавување на вашиот факултет | Да | 28,1 % | 37,5 % | 15,4 % | 30,0 % |
| | Не | 71,9 % | 62,5 % | 84,6 % | 70,0 % |
| | | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % |

Мислењето на испитаниците во однос на преферираниот род на назначеното лице каде корупцијата може да се пријави се прилично поделени. Повеќе од половина испитаници (54 %) изјавуваат дека не би имале проблем доколку назначеното лице е маж, меѓутоа, 45 % од испитаниците би преферирале корупцијата да ја пријават кај жена.

**Графикон бр. 16** (Доколку назначеното лице е маж), дали назначеното лице каде може да се пријави корупција би било подобро да е жена?




Одговорите на испитаниците разгледани низ призмата на демографските податоци, покажуваат дека кај 2/3 од студентите припадници на машкиот пол, не е важно дали назначеното лице, каде може да се пријави корупција, би било подобро да е жена. Кај студентките, пак, мислењето е поделено, 56 % од нив истакнале дека назначеното лице каде може да се пријави корупција би било подобро да е жена.





| | | Род | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Маж | Жена | |
| (Доколку назначеното лице е маж), дали назначеното лице каде може да се пријави корупција би било подобро да е жена? | Да | 30,7 % | 55,7 % | 45,6 % |
| | Не | 69,3 % | 44,3 % | 54,4 % |
| | | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % |

Исто така, се забележува дека на студентите припадници на албанската етничка заедница поважно им е назначеното лице, каде може да се пријави корупција, да е жена.

| | | Етничка припадност | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | Албанци | Помали етнички заедници | |
| (Доколку назначеното лице е маж), дали назначеното лице каде може да се пријави корупција би било подобро да е жена? | Да | 37,7 % | 73,0 % | 11,5 % | 45,6 % |
| | Не | 62,3 % | 27,0 % | 88,5 % | 54,4 % |
| | | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % |

# 9. Препознаеност на специфични форми на корупција

Поголем дел од испитаниците сметаат дека изнудата на сексуални услуги како специфична форма на корупцијата недоволно е позната и препознаена во јавноста – во дискусиите, во политиките и законските прописи во нашата земја. Имено, агрегираните податоци, дека „малку" или „воопшто" не се знае за оваа тема, претставуваат над 70 % од одговорите на испитаниците. Ова претставува јасен сигнал дека треба да се изнајдат механизми на унапредување на дискусијата, следење на состојбите и информирање на јавноста за темите поврзани со изнуда на сексуалните услуги. Одговорите на 13,5 % од испитаничките, кои сметаат дека воопшто не се знае за сексуалната изнуда како форма на корупција во земјава, покажува дека родовите аспекти на корупцијата не се препознаваат во јавноста. Само 22 % од испитаниците сметаат дека сексуалната изнуда како форма на корупцијата  е доволно позната и препознаена во јавноста.

Важно е да се напомни дека и покрај тоа што 9 од 10 испитаници го препознаваат постоењето на сексторција како форма на корупција, а 7 од 10 испитаници сметаат дека таа се случува во високото образование, сепак, мнозинството смета дека за истата малку или воопшто не се зборува во дискусиите, политиките и законските прописи во нашата земја.





**Графикон бр. 17** Дали сметате дека специфичните форми на корупција како што е сексуалната изнуда во високото образование е доволно позната и препознаена во јавноста - дискусиите, во политиките, законските прописи во нашата земја?




Декларативните изјави на испитаниците поврзани со конкретни активности за борба против сексуалната изнуда како форма на корупцијата се прикажани подолу.

Одговорите покажуваат дека испитаниците би биле најподготвени да испратат анонимна пријава до соодветна надворешна институција (73 %), а сличен процент би се согласиле да испратат анонимна пријава до назначеното лице на факултетите за заштитено пријавување (68 %). Околу половина од испитаниците би сведочеле пред надлежен орган доколку има потреба (51 %), но само една четвртина од испитаниците  (26 %) се подготвени јавно да говорат, да се обратат на медиуми или на интернет.

**Графикон бр. 18** Ве молам да ја опишете вашата подготвеност за ангажман, поврзан со борбата против корупцијата во високото образование.




Во одговорите на испитаниците поврзани со подготвеноста за ангажман во борбата против корупцијата, разгледувани низ призмата на етничката припадност, се забележува дека студентите етнички Македонци изразуваат поголема подготвеност да сведочат пред надлежен орган доколку има потреба, јавно да говорат и да испратат анонимна пријава до соодветна надворешна институција





| | | Македонци | Албанци | Помали етнички заедници |
|---|---|---|---|---|
| Би сведочел/а пред надлежен орган доколку има потреба | ДА | 57,1 % | 34,5 % | 42,3 % |
| Подготвен/а сум јавно да говорам, на медиум, на интернет | | 29,9 % | 17,0 % | 7,7 % |
| Би пратил/а анонимна пријава до назначеното лице на факултетите за заштитено пријавување | | 68,2 % | 69,0 % | 46,2 % |
| Би пратил/а анонимна пријава до соодветна надворешна институција | | 79,9 % | 55,0 % | 65,4 % |

# 10. Искоренување на корупцијата

Во однос на прашањето дали е можно да се искорени корупцијата во високото образование одговорите покажуваат дека испитаниците изразуваат надеж во можноста за справување со корупцијата. Повеќе од една третина од испитаниците (31,2 %) сметаат дека корупцијата може целосно да се искорени или значително да се намали, додека, пак, 42 % од нив сметаат дека таа може да се намали до одреден степен. Сепак, речиси една четвртина од испитаниците (23 %) немаат доверба дека корупцијата во високото образование, воопшто, може да се намали.

**Графикон бр. 19** Дали е можно да се искорени корупцијата во високото образование?






Извештај од истражување на перцепцијата за родовите форми на корупцијата во високото образование во Република Северна Македонија

Во одговорите на испитаниците поврзани со искоренувањето на корупцијата во високото образование, разгледувани низ призмата на етничката заднина на испитаниците, се забележува дека студентите припадници на албанската етничка заедница изразуваат поголем оптимизам дека корупцијата значително може да се намали.

| | | Етничка припадност | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | Албанци | Помали етнички заедници | |
| Дали е можно да се искорени корупцијата во високото образование? | Корупцијата воопшто не може да се намали | 26,9 % | 10,5 % | 30,8 % | 22,9 % |
| | Корупцијата може да се намали до одреден степен | 40,3 % | 45,5 % | 50,0 % | 41,9 % |
| | Корупцијата може значително да се намали | 19,1 % | 31,0 % | 7,7 % | 21,7 % |
| | Корупцијата може целосно да се искорени | 9,9 % | 8,5 % | 7,7 % | 9,5 % |
| | Без одговор | 3,8 % | 4,5 % | 3,8 % | 4,0 % |
| | | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % |

# КЛУЧНИ НАОДИ

## Влијание на корупцијата

- Дека корупцијата влијае подеднакво негативно и врз жените и врз мажите, согласност изразуваат седум од десет испитаници.
- Еден од десет испитаници смета дека корупцијата повеќе влијае на мажите  додека 14 % сметаат дека корупцијата повеќе влијае на жените.

## Корупцијата како проблем

- Две третини од испитаниците најчесто ја детектираат корупцијата во високото образование како **голем** проблем.
- 19 % од испитаниците истакнале дека корупцијата е мал проблем, додека за 3 % од испитаниците корупцијата воопшто не претставува проблем во високото образование.
- Оние испитаници кои одговориле дека корупцијата е проблем во високото образование, беа дополнително запрашани да го оценат интензитетот на проблемот на скала од 1 до 9, каде 1 е најмалку а 9 е најмногу. Средната оценка од нивните одговори изнесува **6,87** што претставува висок интензитет на присуство на проблемот.





## Поттикнување и подложност на корупција

- Од вкупно шест понудени опции, како можни поттикнувачи на корупцијата во високото образование, студентите сметаат дека наставно-научниот кадар (професори, доценти, асистенти) во најголем обем ја поттикнуваат корупцијата, додека самите студенти ја поттикнуваат во најмал обем. Имајќи предвид дека самите испитаниците се студенти постои можност за влијание на нивните одговори поврзани со подложноста на корупција.
- Над 77 % од испитаниците истакнале дека не препознаваат родови аспекти на корупцијата, односно и мажите и жените подеднакво се подложни на корупција.

## Искуство со корупција

- Дека професорот/ката не побарал/а директно но преку посредник покажал/а дека очекува пари, подарок или услуга истакнале 13 % од студентите.
- Самоиницијативно подмитиле во текот на студиите 11 % од студентите.
- На 50 студенти, односно 6,2 % од испитаниците им се случило во текот на студиите, лице од администрацијата да им побара пари, подарок или услуга.
- Вкупно 47 студенти, односно 5,9 % од испитаниците директно се соочиле со тоа професорот/ката да им побара пари, подарок или услуга.
- 21 студент истакнал дека имал искуство раководно лице на факултетот да побара пари, подарок или услуга.

## Изнуда на сексуални услуги

- Изнудата на сексуални услуги од страна на вработени во високото образование заради давање на некоја услуга како форма на корупцијата ја препознаваат 89 % од испитаниците.
- Само **еден од десет** испитаници смета дека изнудата на сексуални услуги од страна на вработени во високото образование заради давање на некоја услуга **не претставува форма на корупција**.
- Околу 78 % од испитаниците сметаат дека се случува сексуална изнуда како форма на корупцијата во високото образование од кои 16,4 % истакнале дека тоа се случува многу често.
- Најчестите ситуации во коишто лицата, кои се на позиција на моќ во високото образование бараат сексуални услуги се: за да се положи испит (77 %) и за повисока оценка (42 %).

## Лично искуство

- Околу **65 %** од испитаниците не истакнуваат **ниту лично ниту туѓо** искуство поврзано со изнуда на сексуални услуги како форма на корупција.
- Една петтина од испитаниците истакнале дека **немале лично искуство** но познаваат некого кој минал низ оваа форма на корупција и **3 %** испитаници (21 испитаник) кои **лично** доживеале изнуда на сексуални услуги од лице на позиција на моќ во високото образование (професор, шеф на катедра, декан..).
- Од 21 испитаник кои лично имале искуство со изнуда на сексуални услуги, само 7 испитаници пријавиле.
- Од 193 испитаници кои имаат познаничка со искуство со изнуда на сексуални услуги, единствено 26 испитаници изјавиле дека нивна познаничка пријавила.



Извештај од истражување на перцепцијата за родовите форми на корупцијата во високото образование во Република Северна Македонија

- Од 696 испитаници кои претходно изјавиле дека немаат искуство со изнуда на сексуални услуги, 77 % од нив би пријавиле изнуда на сексуални услуги доколку во иднина им бидат побарани, 11 % не би пријавиле, додека 12 % не можеле да најдат одговор на ова прашање.
- Оние испитаници кои не би пријавиле изнуда на сексуални услуги, доколку им се случи во иднина, во најголем обем не би го направиле тоа поради тоа што сметаат дека не би имало ефект.
- Оние испитаници (578) кои претходно изјавиле дека би пријавиле изнуда на сексуални услуги, 78 % од нив би пријавиле во соодветна надворешна институција додека 22 % од нив би пријавиле во самата институција.
- Две третини од испитаниците кои би пријавиле во надворешна институција тоа би го сториле во Полиција.
- Половина од испитаниците кои би пријавиле во самата институција тоа би го сториле кај деканот.

## Заштитено пријавување

- Околу една третина од испитаниците слушнале за можноста за заштитеното пријавување на факултетот.
- Поделено е мислењето на испитаниците поврзано со тоа дали назначеното лице каде може да се пријави корупција во рамките на факултетот, би било подобро да е жена.

## Препознаеност на специфични форми на корупција

- Над 70 % од одговорите (агрегирани податоци, „малку“ или „воопшто“) на испитаниците сметаат дека за изнудата на сексуални услуги, како специфична форма на корупцијата, **не е доволно позната** и препознаена во јавноста – во дискусиите, во политиките и законските прописи во нашата земја.
- Над 73 % од испитаниците изразуваат подготвеност да **испратат анонимна пријава до соодветна институција** како ангажман поврзан со борба против корупцијата во високото образование.
- Две третини од испитаниците како израз за подготвеност на ангажман поврзан со борба против корупцијата во високото образование, **би испратиле анонимна пријава до назначеното лице на факултетите за заштитено пријавување**.
- Половина од испитаниците **би сведочеле пред надлежен орган** доколку има потреба од тоа.
- Единствено, 26 % од испитаниците изразуваат подготвеност **јавно да говорат за борбата против корупцијата во високото образование.**

## Искоренување на корупцијата во високото образование

- Околу 73 % од испитаниците изразуваат надеж дека борбата против корупцијата во високото образование може да придонесе кон нејзино намалување.
- Над 41 % сметаат дека корупцијата може да се намали до одреден степен, додека двојно помалку (22 %) сметаат дека таа може значително да се намали.



Извештај од истражување на перцепцијата за родовите форми на корупцијата во високото образование во Република Северна Македонија

- Еден од десет испитаници сметаат дека корупцијата може целосно да се искорени.
- 23 % од испитаниците сметаат дека корупцијата во високото образование, воопшто, не може да се намали.

# ИЗВЕШТАЈ ОД ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПЕРЦЕПЦИЈАТА ЗА РОДОВИТЕ ФОРМИ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

## ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

-**јавна администрација**-

Август, 2022

Скопје

# РЕЗИМЕ

Родовата еднаквост подразбира дека жените и мажите имаат еднакви права и можности да го реализираат својот индивидуален потенцијал, притоа придонесувајќи за економскиот и социјалниот развој на нивната земја и за возврат на тоа да добиваат некаква корист од нивното учество во општеството.

Корупцијата ги загрозува човековите права и придонесува за зголемување на социјалната, културната, политичката и институционалната дискриминација, а, истовремено, и го спречува постигнувањето на родовата еднаквост, ги влошува родовите разлики, ги зголемува социјалните нееднаквости во пристапот до јавните услуги.

Современите истражувања се обидуваат да ги објаснат разликите меѓу жените и мажите во разбирањето и доживувањето на корупцијата, родовата припадност на оние кои се вклучени во дела на корупција, разликите во „валутата" што ја користат жените и мажите за да платат за актите на корупцијата и различното влијание на корупцијата врз животите на мажите и жените.

Во Република Северна Македонија недостигаат емпириски податоци поврзани со родовите форми на корупција, влијанието на родовите форми на корупција, отпорноста кон овие форми на корупција итн. По спроведеното национално истражување на  репрезентативен примерок на жени во Република Северна Македонија за да се провери нивната перцепција поврзана со родовите форми на корупција во 2021 година, особено сексуалната изнуда, беа детектирани два сектора од општеството како најранливи на сексуална изнуда како форма на корупција, а тоа се: високото образование и јавната администрација.





Недостатокот од емпириски податоци поврзани со родовите форми на корупција, особено за состојбата во јавната администрација, беше дополнителен поттик за спроведување на ова истражување.

Со цел да се обезбедат релевантни податоци беше спроведена анкета на популацијата која работи во јавната администрација на Република Северна Македонија.

Наодите од ова истражување може да се користат за понатамошна дискусија со цел да се подигне свеста кај креаторите на политиките за потребата од институционализирање и криминализирање на родовите форми на корупција во Република Северна Македонија.

# МЕТОДОЛОШКИ ИЗВЕШТАЈ

Ова истражување го спроведе ТИМ Институт (во натамошниот текст „Институтот“) и во него е користен примерок на популација која работи во јавната администрација на Република Северна Македонија. Истражувањето е спроведено на вкупно 800 испитаници, од вкупно 132.088 лица кои имаат засновано работен однос во јавниот сектор на Република Северна Македонија во активни 1.346 институции (најголем е бројот на вработени лица во дејноста образование со 33 %, потоа во здравството 19 %, државната управа со 13 %, комуналните дејности на јавните претпријатија со 9 % од вкупниот број вработени), во согласност со најновите достапни податоци објавени во Извештајот од Регистарот[1] на вработените во јавниот сектор за 2021 година од страна на Министерството за информатичко општество и администрација [2].

За целите на истражувањето се користеше телефонско CATI интервју.

## Дизајн на примерок

Во фазата на креирање примерок, Институтот ги зема предвид: родот, возраста, образованието и етничката припадност на лицата кои имаат засновано работен однос во јавниот сектор на Република Северна Македонија.

1 https://www.mioa.gov.mk/?q=mk/node/3226.

2 Треба да се има предвид дека од вкупната бројка на вработени во јавниот сектор, изземени се Армијата на Република Северна Македонија, овластените службени лица во Министерството за внатрешни работи и органот во состав на министерството, Агенцијата за разузнавање, Агенцијата за национална безбедност и органот во состав на Министерството за финансии – Управа за финансиска полиција (вкупно 19.311).





## Избор на испитаници

Секој анкетар мора да има најмалку три обиди за да стапи во телефонски контакт со селектираното домаќинство. Доколку и по три обиди во текот на работата не е воспоставен контакт со домаќинството, се контактира со друго домаќинство според процедурата за избор на домаќинство.

Резултатите од сите обиди за контакт анкетарите ги запишуваат во таканаречена листа за контакти.

Во едно домаќинство може да се анкетира само едно избрано лице.

## Систем за контрола на квалитет

Околу 25 % од спроведените интервјуа се предмет на контрола.

## Анкетарска и супервизорска мрежа

Истражувањето беше спроведено од развиена и искусна мрежа на анкетари (телефонисти) на македонски и албански јазик.

На овој проект работеа 34 искусни анкетари.

## Времетраење на истражувањето

Пред почетокот на телефонската анкета сите анкетари добија теоретска обука за методологијата и процедурата на работа која вклучува објаснување на значењето и имплементација на следните процедури:

- Селекција на домаќинството;
- Селекција на испитаникот;
- Објаснување на методот за пополнување на програмскиот прашалник.

Истражувањето беше спроведено од 9.8.2022 до 16.8.2022 година.

Професионалниот софтвер за статистичка обработка на податоците SPSS за Windows беше употребен за процесирање и анализа на добиените податоци.

SPSS за Windows и Microsoft Office за Windows (Word и Excel) беа употребени за подготвување на извештајот, графикониите и табелите.



Извештај од истражување на перцепцијата за родовите форми на корупцијата во јавната администрација во Република Северна Македонија

# ДЕМОГРАФСКА СТРУКТУРА НА ИСПИТАНИЦИТЕ

## РОД




## ВОЗРАСТ




## НАЦИОНАЛНОСТ




## НАСЕЛЕНО МЕСТО



# 1. Корупцијата како проблем

Тежината на проблемите што ги предизвикува корупцијата има негативен одраз врз демократијата, правдата, економскиот и социјалниот развој, почитувањето на човековите права, како и врз моралните вредности и етичките стандарди. Сето ова има сериозно влијание врз стабилноста и безбедноста на државата.

Самиот збор корупција подразбира злоупотреба на функцијата или на службената положба и моќ заради стекнување на корист за себе или за друг. Одговорноста на носителите на јавни функции во демократските општества е правило. Тие мораат да бидат личности со силен интегритет и отпорност кон корупција за да можат да дејствуваат во функција на заштита на јавниот интерес и да ја заслужат и одржат довербата на граѓаните.

Првото прашање во истражувањето се однесува на перцепцијата за распространетоста на корупцијата на работното место, во јавната администрација.

Се забележува дека речиси една четвртина, односно 23 % од испитаниците истакнале дека корупцијата е голем проблем, 39 % од нив истакнале дека таа е мал проблем, додека за една третина од испитаниците корупцијата воопшто не претставува проблем на нивното работно место во јавната администрација.

Од ова може да се заклучи дека мнозинството од испитаниците (62 %) се согласуваат дека корупцијата е **проблем** во јавната администрација во нашата земја, додека четири од десет испитаници истата ја проценуваат како **мал** проблем.



Извештај од истражување на перцепцијата за родовите форми на корупцијата во јавната администрација во Република Северна Македонија

**Графикон бр. 1** Колкав проблем претставува корупцијата на вашето работно место?




Одговорите на испитаниците разгледувани низ призмата на работното место од каде што доаѓаат, покажуваат дека вработените во здравството во најголем обем ја истакнуваат својата институција како место каде корупцијата претставува голем проблем. Зад нив следува јавната администрација на локално ниво каде што 22 % од испитаниците вработени во институциите на локално ниво сметаат дека корупцијата е голем проблем. На трето место, 18 % од испитаниците вработени во образованието, сметаат дека корупцијата е голем проблем на нивното работно место.

**Табела број 1.**

| Колкав проблем претставува корупцијата на вашето работно место? | |
|---|---|
| | **Голем проблем** |
| Здравство | **28,50 %** |
| Јавна администрација – на локално ниво | 22,00 % |
| Образование | 18,30 % |
| Јавна администрација – на централно ниво | 14,00 % |
| Полиција | 11,30 % |
| Судство | 4,30 % |
| Социјална заштита | 1,60 % |

Исто така, се забележува дека испитаниците припадници на помалите етнички заедници во поголем обем истакнуваат дека корупцијата претставува голем проблем во однос на останатите, додека, пак, припадниците на албанската етничка заедница почесто истакнуваат дека корупцијата е мал проблем.

**Табела број 2.**

| | | Етничка припадност | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | Албанци | Помали етнички заедници | |
| Колкав проблем претставува корупцијата на вашето работно место? | Голем проблем | 22,9 % | 22,6 % | 31,6 % | 23,2 % |
| | Мал проблем | 38,0 % | 46,8 % | 21,1 % | 39,3 % |
| | Воопшто не е проблем | 34,4 % | 15,3 % | 34,2 % | 29,8 % |
| | Одбива да одговори | 2,4 % | 7,4 % | 5,3 % | 3,7 % |
| | Не знае | 2,3 % | 7,9 % | 7,9 % | 3,9 % |
| Вкупно: | | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % |



Извештај од истражување на перцепцијата за родовите форми на корупцијата во јавната администрација во Република Северна Македонија

## 2. Поттикнување и подложност на корупција

Околу две третини од испитаниците (68 %) истакнале дека **не препознаваат родови аспекти на корупцијата,** односно и мажите и жените подеднакво се подложни на корупција. Околу 15 % од испитаниците сметаат дека кај жените подложноста кон корупција е помала отколку кај мажите, но речиси еден од десет испитаници, пак, сметаат сосема спротивно, односно дека жените повеќе се подложни на корупција во однос на мажите.

**Графикон бр. 2** Која од следниве изјави најдобро ја отсликува состојбата со корупција во јавната администрација?



И покрај тоа што поголем број од испитаниците сметаат дека и мажите и жените се подеднакво подложни на корупција, од одговорите разгледувани низ призмата на демографските карактеристики, се забележува дека испитаниците - жени за 6 % повеќе сметаат дека „жените се помалку подложни на корупција".

## Табела број 3.

| | | Род | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Машки | Женски | |
| Која од следниве изјави најдобро ја отсликува состојбата со корупција во јавната администрација | Жените се помалку подложни на корупција | 12,0 % | 18,0 % | 15,4 % |
| | И жените и мажите се подеднакво подложни на корупција | 72,5 % | 63,5 % | 67,5 % |
| | Жените се повеќе подложни на корупција | 6,7 % | 10,1 % | 8,6 % |
| | Одбива да одговори | 2,0 % | 1,4 % | 1,6 % |
| | Не знае | 6,7 % | 7,0 % | 6,9 % |
| | Вкупно | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % |

Повеќе од половина (55 %) од испитаниците сметаат дека жените вработени во јавната администрација се подеднакво корумпирани кога се наоѓаат на повисоки позиции на моќ или раководни позиции. Околу 29 % од испитаниците сметаат дека жените се помалку корумпирани кога се наоѓаат на повисоки позиции, но еден од десет испитаници смета дека тие, сепак, се покорумпирани кога се наоѓаат на повисоки или раководни позиции.





**Графикон бр. 3** Дали би рекле дека жените вработени во јавната администрација се повеќе/помалку или подеднакво корумпирани кога се наоѓаат на повисоки позиции на моќ/раководни позиции?




Разгледуваните одговори на испитаниците низ призмата на нивниот род покажуваат дека жените во поголем обем истакнуваат дека жените вработени во јавната администрација се помалку корумпирани кога се наоѓаат на повисоки позиции на моќ/раководни позиции во однос на мажите.

## Табела број 4.

| | | Род | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Машки | Женски | |
| Дали би рекле дека жените вработени во јавната администрација се повеќе/помалку или подеднакво корумпирани кога се наоѓаат на повисоки позиции на моќ/раководни позиции | Повеќе корумпирани | 10,9 % | 10,1 % | 10,5 % |
| | Помалку корумпирани | 22,7 % | 33,6 % | 28,7 % |
| | Подеднакво корумпирани | 61,9 % | 50,2 % | 55,4 % |
| | Одбива да одговори | 1,1 % | 1,1 % | 1,1 % |
| | Не знае | 3,4 % | 5,0 % | 4,2 % |
| | Вкупно: | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % |

Одговорите на истото прашање разгледувани низ призмата на работната позиција на испитаниците покажува дека, оние испитаници кои се на раководни позиции почесто истакнуваат дека жените се помалку корумпирани кога се на раководни позиции.

## Табела број 5.

| | | Дали сте на раководна позиција? | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Да | Не | |
| Дали би рекле дека жените вработени во јавната администрација се повеќе/помалку или подеднакво корумпирани кога се наоѓаат на повисоки позиции на моќ/раководни позиции | Повеќе корумпирани | 8,8 % | 10,7 % | 10,5 % |
| | Помалку корумпирани | **37,5 %** | **27,7 %** | 28,7 % |
| | Подеднакво корумпирани | 50,0 % | 56,0 % | 55,4 % |
| | Одбива да одговори | 1,3 % | 1,1 % | 1,1 % |
| | Не знае | 2,5 % | 4,4 % | 4,2 % |
| | Вкупно: | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % |

Интересно е да се разгледаат и одговорите на ова прашање но само низ призмата на испитаничките кои се дел од истражувањето. Од вкупно 444 испитанички, 45 се на раководни позиции. Од нив, само 4 истакнале дека кога жена е на повисока позиција на моќ таа е покорумпирана. Останатите имаа поделен став дека се помалку корумпирани или дека се подеднакво корумпирани.



Извештај од истражување на перцепцијата за родовите форми на корупцијата во јавната администрација во Република Северна Македонија

## Табела број 6.

| Само жени испитаници | | Дали сте на раководна позиција? | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Да | Не | |
| Дали би рекле дека жените вработени во јавната администрација се повеќе/помалку или подеднакво корумпирани кога се наоѓаат на повисоки позиции на моќ/раководни позиции | Повеќе корумпирани | 4 | 41 | 45 |
| | Помалку корумпирани | 20 | 129 | 149 |
| | Подеднакво корумпирани | 19 | 204 | 223 |
| | Одбива да одговори | 0 | 5 | 5 |
| | Не знае | 2 | 20 | 22 |
| | Вкупно: | 45 | 399 | 444 |

# 3. Изнуда на сексуални услуги од вработени во државната администрација кон граѓани како корисници на услуги

Формите на корупцијата можат да бидат различни. Корупцијата во основа како крајна цел има остварување на некаква корист. Изнудата на сексуални услуги од страна на вработени во јавната администрација во замена за давањето на некоја услуга како **форма на корупција ја препознаваат околу 61 % од испитаниците, вработени во јавната администрација**. Испитаниците имаа можност на скала од 1 до 5, каде што 1 значи „воопшто не се согласувам", а 5 „потполно се согласувам", да изразат согласност со изјавата: „Изнудата на сексуални услуги, за добивање на некаква јавна услуга во рамките на јавната администрација, претставува форма на корупција". Околу 42 % од испитаниците изразиле потполна согласност со изјавата, додека 19 % од испитаниците донекаде се согласуваат со изјавата.

Наспроти овие испитаници, 11 % сметаат дека изнудата на сексуални услуги за реализирање на некоја услуга во рамките на јавната администрација, не претставува форма на корупција додека, пак, 8 % изразуваат мало сомневање. Кај една петтина (21 %) од испитаниците, вработени во јавната администрација, се забележува неутрален став поврзан со препознавањето на изнудата на сексуални услуги како форма на корупција. Овие испитаници ниту се согласуваат ниту не се согласуваат со гореспоменатата изјава.



Извештај од истражување на перцепцијата за родовите форми на корупцијата во јавната администрација во Република Северна Македонија

**Графикон бр. 4** На скала од 1 до 5, каде што 1 значи воопшто не се согласувам, а 5 потполно се согласувам, колку се согласувате со изјавата: „Изнудата на сексуални услуги за реализирање на некоја услуга во рамките на јавната администрација, претставува форма на корупција".




Разгледувајќи ги одговорите на испитаниците низ призмата на нивната етничка припадност, се забележува дека речиси за двојно помалку испитаниците - припадници на албанската етничка заедница потполно се согласуваат дека изнудата на сексуални услуги за реализирање на некоја услуга во рамките на јавната администрација, претставува форма на корупција, во однос на испитаниците етнички Македонци .

**Табела број 7.**

| | | Етничка припадност | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | Албанци | Помали етнички заедници | |
| „Изнудата на сексуални услуги за реализирање на некоја услуга во рамките на јавната администрација, претставува форма на корупција". | Воопшто не се согласувам | 14,5 % | | 18,4 % | 11,2 % |
| | 2 | 6,5 % | 11,1 % | 10,5 % | 7,7 % |
| | 3 | 16,9 % | 34,7 % | 7,9 % | 20,7 % |
| | 4 | 14,0 % | 31,6 % | 23,7 % | 18,6 % |
| | Потполно се согласувам | 48,2 % | 22,6 % | 39,5 % | 41,7 % |
| | Вкупно: | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % |

# 4. Препознатливост на специфични форми на корупција

Поголем дел од испитаниците сметаат дека изнудата на сексуални услуги како специфична форма на корупцијата недоволно е позната и препознаена во јавноста – во дискусиите, во политиките и законските прописи во нашата земја. Имено, агрегираните податоци, дека „малку“ или „воопшто“ не се знае за оваа тема, претставуваат повеќе од 60 % од одговорите на испитаниците. Одговорите на 11 % од испитаниците кои сметаат дека, воопшто не се знае за сексуалната изнуда како форма на корупција во земјава, покажува дека родовите аспекти на корупцијата не се препознаваат во јавноста. Над една третина од испитаниците вработени во јавниот сектор сметаат дека сексуалната изнуда како форма на корупција е доволно позната и препознаена во јавноста.

Не се забележуваат статистички значајни разлики во одговорите на испитаниците разгледувани низ призмата на нивните демографски карактеристики, односно подеднаков број на мажи и жени испитаници како и припадници на македонската и албанската етничка заедница, го делат истиот став.



Извештај од истражување на перцепцијата за родовите форми на корупцијата во јавната администрација во Република Северна Македонија

**Графикон бр. 5** Дали сметате дека специфичните форми на корупција како што е сексуалната изнуда за добивање на јавни услуги доволно е позната и препознаена во јавноста - дискусиите, во политиките, законските прописи во нашата земја?




Испитаниците вработени во јавната администрација, запрашани колку е веројатно, дека лицата на позиции, бараат сексуални услуги, наместо други форми на корупција (пари/мито), во најголем обем истакнуваат дека тоа се случува „понекогаш“ (37 %). Околу една третина или 34 % од испитаниците истакнале дека тоа се „ретки“ ситуации додека 13 % од испитаниците сосема се сомневаат во веројатноста дека лицата од позиција на моќ бараат сексуални услуги, наместо други форми на корупција (пари/мито).

Наспроти овие испитаници, 14 % истакнуваат дека појавата е честа и 1 % испитаници сметаат дека постојана практика е лица од позиција на моќ да бараат сексуални услуги наместо други форми на корупција.

**Графикон бр. 6** Колку сметате дека е веројатно, лицата на позиции, да бараат сексуални услуги, наместо други форми на корупција (пари/мито)?




Одговорите на истото прашање разгледувани низ призмата на работната позиција на испитаниците покажуваат дека, оние испитаници кои се на раководни позиции во поголем обем истакнуваат дека „ретко“ или „понекогаш“ се случува лицата на позиции, да бараат сексуални услуги, наместо други форми на корупција.

## Табела број 8.

| | | Дали сте на раководна позиција? | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Да | Не | |
| На скала од 1 до 5, колку сметате дека е веројатно, лицата на позиции, да бараат сексуални услуги, наместо други форми на корупција (пари/мито)? | Никогаш | 15,0 % | 12,5 % | 12,7 % |
| | Ретко | 37,5 % | 33,8 % | 34,2 % |
| | Понекогаш | 37,5 % | 37,4 % | 37,5 % |
| | Често | 10,0 % | 14,6 % | 14,1 % |
| | Постојано | | 1,7 % | 1,5 % |
| | Вкупно: | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % |



Извештај од истражување на перцепцијата за родовите форми на корупцијата во јавната администрација во Република Северна Македонија

Интересни се податоците кога се разгледуваат низ призмата на раководната позиција и родот. Имено, мажите на раководни позиции во поголем обем истакнуваат дека лицата на позиции „ретко“ бараат сексуални услуги, наместо други форми на корупција во однос на истиот одговор кај жените кои се на раководна позиција. Но кај мажите, пак, кои не се на раководни позиции се забележува одговорот „постојано“ (2,8 %) кој изостанува како одговор кај мажите кои се на раководни позиции.

## Табела број 9.

| Дали сте на раководна позиција? | | | Род | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Маж | Жена | |
| ДА | На скала од 1 до 5, колку сметате дека е веројатно, лицата на позиции, да бараат сексуални услуги, наместо други форми на корупција (пари/мито)? | Никогаш | 14,3 % | 15,6 % | 15,0 % |
| | | Ретко | 42,9 % | 33,3 % | 37,5 % |
| | | Понекогаш | 31,4 % | 42,2 % | 37,5 % |
| | | Често | 11,4 % | 8,9 % | 10,0 % |
| | | Вкупно: | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % |
| НЕ | На скала од 1 до 5, колку сметате дека е веројатно, лицата на позиции, да бараат сексуални услуги, наместо други форми на корупција (пари/мито)? | Никогаш | 10,2 % | 14,3 % | 12,5 % |
| | | Ретко | 32,0 % | 35,3 % | 33,8 % |
| | | Понекогаш | 40,7 % | 34,8 % | 37,4 % |
| | | Често | 14,3 % | 14,8 % | 14,6 % |
| | | Постојано | 2,8 % | 0,8 % | 1,7 % |
| | | Вкупно: | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % |

# 5. Присуство на сексуална изнуда во институции

Институции во коишто испитаниците, вработени во јавната администрација, сметаат дека најчесто се случува сексуалната изнуда како форма на корупција, се во областа на здравството. Агрегираните одговори на „постојано“ и „често“, сочинуваат 23 % од испитаниците кои детектираат злоупотреба на јавната функција или овластувања заради добивање на сексуални услуги (од страна на граѓанин кој дошол кај вработен во државната администрација а тој изнудува сексуални услуги во замена за услуга која е надлежен да ја обезбеди).

Следни институции каде што, исто така, се сретнуваат околу една петтина испитаници кои сметаат дека појавата на сексуална изнуда е постојана или честа се:

- Во областа на судството, 22 % (агрегирани одговори на „постојано“ и „често“);
- Во јавни институции на централно ниво, 21 % (агрегирани одговори на „постојано“ и „често“);
- Во јавни институции на локално ниво, 20 % (агрегирани одговори на „постојано“ и „често“).

Области - во кои се забележани најголем процент на одговори во категоријата „никогаш“ - 22 % и „ретко“ – 40 %, се институциите за социјална заштита.





**Графикон бр. 7** Колку често сметате дека се случува сексуалната изнуда како форма на корупција во институциите на долунаведените области (кога граѓанин би дошол кај вработен во јавната администрација а тој изнудува сексуални услуги во замена за услуга која е надлежен да ја обезбеди)?




Најчестите ситуации во коишто лицата кои се на позиција на моќ бараат сексуални услуги се ситуациите за вработување (30 %) и за да се избегне казна или проблем кој го имаат барателите на услугата (25 %).

По една петтина испитаници сметаат дека лицата кои се на позиција на моќ најчесто бараат сексуални услуги во замена за обезбедување на подобар третман (21 %) и за да се забрза некоја работа или процедура која им е потребна на барателите на услугата.

Овие одговори се прикажани на следниот графикон број 8.

**Графикон бр. 8** Во кои ситуации би рекле дека лицата кои се на позиција на моќ најчесто бараат сексуални услуги во замена за давање на јавна услуга за која се надлежни (кога граѓанин би дошол кај вработен во јавната администрација а тој изнудува сексуални услуги во замена за услуга која е надлежен да ја обезбеди)?




## Табела број 10.

| Во кои ситуации би рекле дека лицата кои се на позиција на моќ најчесто бараат сексуални услуги во замена за давање на јавна услуга за која се надлежни (кога граѓанин би дошол кај вработен во јавната администрација а тој изнудува сексуални услуги во замена за услуга која е надлежен да ја обезбеди)? | Род | |
|---|---|---|
| | Машки | Женски |
| За да се забрза некоја работа која им е потребна на барателите на услугата | 40,6 % | 38,8 % |
| За да се избегне казна/проблем за барателите на услугата | 52,4 % | 52,1 % |
| Да се обезбеди подобар третман/услуга | 43,1 % | 44,9 % |
| За вработување | 62,7 % | 63,2 % |
| Друго | 3,1 % | 3,4 % |
| Одбива да одговори | 3,9 % | 2,5 % |
| Не знае | 6,2 % | 5,6 % |





Одговорите на испитаниците разгледувани низ призмата на етничката заднина, покажуваат интересна дистрибуција. Имено, етничките Македонци почесто истакнуваат дека лицата кои се на позиција на моќ најчесто бараат сексуални услуги во замена за вработување (73 %) додека етничките Албанци почесто истакнуваат дека лицата кои се на позиција на моќ најчесто бараат сексуални услуги во замена за да се избегне казна/проблем за барателите на услугата (69 %).

## Табела број 11.

| Во кои ситуации би рекле дека лицата кои се на позиција на моќ најчесто бараат сексуални услуги во замена за давање на јавна услуга за која се надлежни (кога граѓанин би дошол кај вработен во јавната администрација а тој изнудува сексуални услуги во замена за услуга која е надлежен да ја обезбеди)? | Етничка припадност | | |
|---|---|---|---|
| | Македонци | Албанци | Помали етнички заедници |
| За да се забрза некоја работа која им е потребна на барателите на услугата | 39,3 % | 40,5 % | 39,5 % |
| За да се избегне казна/проблем за барателите на услугата | 48,4 % | 68,9 % | 26,3 % |
| Да се обезбеди подобар третман/услуга | 43,5 % | 46,8 % | 39,5 % |
| За вработување | 73,1 % | 29,5 % | 78,9 % |
| Друго | 3,8 % | 2,1 % | |
| Одбива да одговори | 3,1 % | 2,6 % | 5,3 % |
| Не знае | 6,6 % | 4,2 % | 2,6 % |

# 6. Изнуда на сексуални услуги во рамките на самите јавни институции (вработени од позиција на авторитет и моќ кон останатите вработени)

Повеќе од половина од испитаниците, вработени во јавната администрација (54 %) се согласуваат дека изнудата на сексуални услуги од страна на вработени во јавната администрација од позиција на авторитет и моќ кон останатите вработени во рамките на самата институција претставува форма на корупција.

Кај 23 % од испитаниците вработени во јавната администрација се забележува неутрален став поврзан со препознавањето на изнудата на сексуални услуги како форма на корупција.

Загрижува фактот што, речиси, 25 % од испитаниците не ја препознаваат изнудата на сексуални услуги како форма на корупција и издвоиле оценки 1 и 2, како рефлексија за нивно несогласување со изјавата.

На графиконот број 9 прикажан подолу се забележува дистрибуцијата на одговорите на скала од 1 до 5, каде што 5 претставува највисок степен на согласност со изјавата, додека, пак, 1 претставува несогласување со изјавата воопшто.



Извештај од истражување на перцепцијата за родовите форми на корупцијата во јавната администрација во Република Северна Македонија

**Графикон бр. 9** На скала од 1 до 5, каде што 1 значи воопшто не се согласувам, а 5 потполно се согласувам, колку се согласувате со изјавата: **Изнудата на сексуални услуги од страна на вработени во јавната администрација од позиција на авторитет и моќ кон останатите вработени во рамките на самата институција претставува форма на корупција.** (Кога лице со позиција на одлучување или со авторитет, изнудува сексуална активност од друго лице вработено во истата институција)




Исто така, разгледувајќи ги одговорите на испитаниците низ призмата на нивната етничка припадност, се забележува дека испитаниците - припадници на албанската етничка заедница за петпати помалку потполно се согласуваат дека изнудата на сексуални услуги од страна на вработени во јавната администрација претставува форма на корупција, во однос на испитаниците етнички Македонци .

**Табела број 12.**

| | | Етничка припадност | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | Албанци | Помали етнички заедници | Вкупно |
| Изнудата на сексуални услуги од страна на вработени во јавната администрација од позиција на авторитет и моќ кон останатите вработени во рамките на самата институција претставува форма на корупција. | Воопшто не се согласувам | 12,2 % | 4,7 % | 15,8 % | 10,6 % |
| | 2 2 | 8,9 % | 24,7 % | 7,9 % | 12,6 % |
| | 3 3 | 19,5 % | 35,8 % | 21,1 % | 23,5 % |
| | 4 4 | 13,4 % | 25,8 % | 18,4 % | 16,6 % |
| | Потполно се согласувам | 45,9 % | 8,9 % | 36,8 % | 36,7 % |
| | Вкупно: | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % |

Појавата на изнуда на сексуални услуги од страна на вработени во јавната администрација од позиција на авторитет и моќ кон останатите вработени во рамките на самата институција, според одговорите на испитаниците, не претставува зачестена појава во нашата земја. Имено, еден од десет испитаници истакнале дека тоа воопшто не се случува во нашата земја, додека седум од десет испитаници истакнале дека тоа е изолирана појава која се сретнува понекогаш (35 %) или ретко (35 %) во нашата земја.

Зачестеноста на појавата на изнуда на сексуални услуги од страна на вработени во јавната администрација ја забележуваат 17 % од испитаниците но за 3 % од нив или за вкупно 26 испитаници, оваа појава е актуелна  и постојано се случува во нашата земја.





**Графикон бр. 10** Во некои случаи може да се случи лицата вработени во јавната администрација од позиција на авторитет и моќ да бараат сексуални услуги од останатите вработени во рамките на самата институција. Колку често сметате дека ова се случува во нашата земја?




Вкрстените одговори на испитаниците кои се однесуваат на нивното лично искуство со изнудата на сексуални услуги и нивното мислење колку, општо земено, појавата се случува во нашата земја, ни покажуваат дека оние испитаници кои одговориле дека имаат доживеано лично искуство со изнуда на сексуални услуги, но и познаваат некого што минал низ истото, во поголем обем истакнуваат дека појавата постојано се случува во нашата земја.

Оние, пак, кои немаат лично искуство, но познаваат некого со такво искуство, во најголем обем истакнуваат дека оваа појава постојано и често се случува во нашата земја.

И оние испитаници кои немаат ниту лично искуство, ниту познаваат некого со такво искуство, најчесто одговараат дека појавата никогаш или ретко се случува.

# 7. Лично искуство

Следното прашање, кое е поврзано со изнудата на сексуални услуги од страна на лице од позиција на моќ во јавната администрација, го идентификува искуството на испитаниците без оглед дали е лично искуство или познаваат некого кој имал такво искуство.

Се забележува дека речиси две третини (65 %) од испитаниците не истакнуваат ниту лично ниту туѓо искуство поврзано со оваа форма на корупција, но, секако, треба да се земе предвид дека зборувањето за искуството поврзано со изнудата на сексуални услуги остава простор за општествено етикетирање и морална дисквалификација и како такво не се пријавува.

Околу 24 % од испитаниците истакнале дека немале лично искуство но познаваат некого кој минал низ оваа форма на корупција и 3 % од испитаниците кои лично доживеале изнуда на сексуални услуги. Од овие 3 % или 22 испитаника седуммина се мажи а 15 се жени. Во однос на етничката припадност, 5 испитаници се етнички Македонци а 17 се припадници на албанската етничка заедница.

Интересен е фактот дека истражувањето за родови аспекти на корупцијата спроведено во 2021 година, на репрезентативен примерок од 1000 жени во Република Северна Македонија, дава слична дистрибуција на одговори. Се забележува по 2 % разлика во однос на одговорите на испитаниците за сите понудени одговори.



Извештај од истражување на перцепцијата за родовите форми на корупцијата во јавната администрација во Република Северна Македонија

**Табела број 13.**

| | Истражување од 2021 | Истражување од 2022 |
|---|---|---|
| Ниту лично ниту познавам | 63 | 65 |
| Немам лично но познавам | 25,8 | 24 |
| На мене лично и на некој што познавам | 5,4 | 3 |

**Графикон бр. 11** Дали Вие лично или ваши познати сте имале искуство кога лице од позиција на авторитет и моќ (шеф, раководител, директор..), барал сексуални услуги од вработени на пониски работни позиции




Одговорите на истото прашање разгледувани низ призмата на работната позиција на испитаниците покажува дека, оние испитаници кои се на раководни позиции во поголем обем истакнуваат дека имале лично искуство и дека познаваат некого кој минал низ искуството на сексуална изнуда во однос на испитаниците вработени во јавната администрација кои не се на раководна позиција. И покрај тоа што е интересен овој податок, сепак, треба да се има предвид дека 7,5 % од испитаниците кои се на раководни позиции и кои имале лично искуство со изнуда на сексуални услуги, всушност се 6 испитаници.

## Табела број 14.

| | | Дали сте на раководна позиција? | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Да | Не | |
| Дали Вие лично или ваши познати сте имале искуство кога лице од позиција на авторитет и моќ (шеф, раководител, директор..), бара сексуални услуги од вработени на пониски работни позиции | На мене лично и на некој што го познавам | 7,5 % | 2,2 % | 2,7 % |
| | Немам лично искуство, но познавам некого | 28,8 % | 23,0 % | 23,6 % |
| | Ниту лично искуство ниту познавам некого | 62,5 % | 65,5 % | 65,2 % |
| | Одбива да одговори | 1,3 % | 9,3 % | 8,5 % |
| | Вкупно: | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % |

Оние испитаници (вкупно 27 % или 211 испитаници) кои одговориле дека лице од позиција на авторитет и моќ (шеф, раководител, директор..), барал сексуални услуги (ним лично или на нивни познати) беа замолени да ги истакнат ситуациите во кои тоа се случило.

Најчестите ситуации во коишто лицата кои се на позиција на авторитет и моќ (шеф, раководител, директор..), бараат сексуални услуги од вработени на пониски работни позиции се прикажани за следниот графикон број 12. Четири од десет испитаници сметаат дека тоа се најчесто ситуации за зачувување на работното место (41 %) и 36 % сметаат дека тоа најчесто се случува во интерес на унапредување на работното место.

Околу 13 % од испитаниците одбиле да споделат во кои ситуации се случила изнудата на сексуални услуги.





**Графикон бр. 12** Во замена за каква услуга ви беа/ и беа изнудувани сексуални услуги?




Не се забележуваат особени разлики во одговорите на испитаниците, разгледувани низ призмата на родот на испитаникот.

## Табела број 15.

| Број на одговори | | Род | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Машки | Женски | |
| Во замена за каква услуга ви беа/и беа изнудувани сексуални услуги | За унапредување на работно место | 40 | 37 | 77 |
| | За зачувување на работно место | 40 | 47 | 87 |
| | Друго | 9 | 11 | 20 |
| | Одбива да одговори | 11 | 16 | 27 |
| | Вкупно | 100 | 111 | 211 |

Графиконот подолу ги претставува одговорите на 22 испитаника (како 100 %) кои имале лично искуство со изнуда на сексуални услуги во однос на нивното понатамошно дејствување. Од нив, 82 % не пријавиле (18 испитаници) додека 9 % (2 испитаника) ја пријавиле изнудата. Двајца испитаника или 9 % одбиле да одговорат на ова прашање.

**Графикон бр. 13** Дали пријавивте кога лице од позиција на авторитет и моќ (шеф, раководител, директор..), ви побара сексуални услуги како форма на корупција? (база 22 испитаника)




Од вкупно 27 % или 211 испитаници (како 100 %), кои познаваат некого што се соочил со изнудата на сексуални услуги, само 7 % од нив (14 испитаници) имаат сознанија дека жртвата го пријавила делото.

**Графикон бр. 14** Дали таа (лицето за кое знаете) пријавила изнуда на сексуални услуги?






Извештај од истражување на перцепцијата за родовите форми на корупцијата во јавната администрација во Република Северна Македонија

Тенденцијата кон пријавување на изнудата на сексуални услуги, што се забележува низ одговорите на испитаниците, во голема мера се зголемува кога беа запрашани хипотетички: Дали, доколку во иднина нешто слично би им се случило, би пријавиле. На ова прашање одговараа само испитаниците кои претходно не пријавиле досегашно искуство со изнудата на сексуални услуги. Од вкупно 711 испитаници (89 % од вкупниот број испитаници), 63 % би се одважиле да го пријават делото, а 17 % од испитаниците истото би го задржале само за себе. Може да се заклучи дека кај голем процент од населението постои подготвеност за пријавување на изнудата на сексуални услуги доколку би имале такво искуство. Еден од десет испитаници смета дека нема каде да се пријави ваков вид на прекршок, додека 11 % од испитаниците изразиле неможност да си претстават хипотетичка ситуација за изнуда на сексуални услуги која би ја пријавиле.

**Графикон бр. 15** Доколку нешто слично ви се случи Вам лично, дали би пријавиле?




Од 448 испитаници кои би пријавиле доколку во иднина доживеат изнуда на сексуални услуги, 24 % (106 испитаници) случајот би го пријавиле во самата институција каде истиот се случил, додека мнозинството испитаници (76 % или 342 испитаника) случајот би го пријавиле во друга соодветна надворешна институција.

Заштитеното внатрешно пријавување или укажување се врши внатре, односно во самата институција или правно лице каде што се врши одреденото недозволено постапување.

Во согласност со Законот, раководното лице во институциите во јавниот сектор назначува овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување. Во институциите каде нема овластено лице, заштитеното внатрешно пријавување се врши до раководното лице. [3]

Овластеното лице е должно да го информира укажувачот најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата. Притоа, овластеното лице е должно да ги заштити личните податоци на укажувачот, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој пријавува анонимно или доверливо, во согласност со прописите за заштита на личните податоци[4].

**Графикон бр. 16** Доколку би пријавиле изнуда на сексуални услуги, каде би пријавиле?




3 Закон за заштита на укажувачи, член 4.

4 Закон за заштита на укажувачи, член 4, „Службен весник“, бр. 196/2015, 35/18



Извештај од истражување на перцепцијата за родовите форми на корупцијата во јавната администрација во Република Северна Македонија

Една третина од вкупно 106 испитаници, кои сексуалната изнуда би ја пријавиле во самата институција каде што тоа им се случило, истото би го сториле кај директорот. Околу 40 % од испитаниците, случајот би го пријавиле кај нивните претпоставени лица, а 8 % случајот би го споделиле само со колегите. Само 5 % од испитаниците би се обратиле во Одделот за заштитено внатрешно пријавување.

**Графикон бр. 17** Кај кого би пријавиле од самата институција каде што тоа ви се случило?




Во однос на испитаниците кои истакнале дека сексуалната изнуда би ја пријавиле во надворешна институција, најчесто се споменува полицијата (65 %). Од вкупно 342 испитаника, околу две третини ја издвоиле полицијата како институција каде би го рапортирале случајот (65 %), 20 % би се обратиле во ДКСК, 10 % би пријавиле кај народниот правобранител, а 4 % од испитаниците се изјаснија дека случајот би го пријавиле во граѓански организации.

**Графикон бр. 18** Во која друга, соодветна надворешна институција би ја пријавиле сексуалната изнуда?




Како главни причини за непријавување на изнудата на сексуални услуги испитаниците ги наведуваат недовербата во системот, стигматизирањето, предрасудите, етикетирањето и табуата. Од вкупно 118 испитаници, 39 % истакнуваат недоверба во системот со одговорот дека пријавувањето нема да има никаков ефект, додека 22 % од испитаниците не би пријавиле поради срам од околината. Кај 19 % од испитаниците главната причина е стравот од осуда додека кај 12 % би преовладал стравот од отказ на работното место. Околу 3 % од испитаниците не би пријавиле изнуда на сексуални услуги како би избегнале понатамошен притисок на работното место.

**Графикон бр. 19** Зошто не би пријавиле изнуда на сексуални услуги?








# 8. Заштитено пријавување

Врз основа на Законот за заштита на укажувачи, заштитено пријавување претставува пријавување со кое се пренесува **разумно** сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес.

Со овој Закон се уредуваат заштитеното пријавување, правата на укажувачите, како и постапувањето и должностите на институциите, односно правните лица во врска со заштитеното пријавување и обезбедувањето заштита на укажувачите.

Загрижувачки е фактот што дури 71 % од испитаниците вработени во јавната администрација не се информирани за можноста за заштитено пријавување во институцијата каде што работат. Само три од десет испитаници слушнале за постоењето  на овластено лице за прием на пријави за заштитено внатрешно пријавување.

**Графикон бр. 20** Дали сте слушнале за можноста за заштитеното пријавување во вашата институција?



И покрај тоа што само околу една третина од испитаниците слушнале за заштитено внатрешно пријавување во институцијата, се забележува дека кај испитаниците етнички Македонци тој процент е поголем во однос на нивните колеги од останатите етнички заедници.

**Табела број 16.**

| | | Етничка припадност | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | Албанци | Помали етнички заедници | |
| Дали сте слушнале за можноста за заштитеното пријавување во вашата институција? | Да | 31,4 % | 24,2 % | 21,1 % | 29,2 % |
| | Не | 68,6 % | 75,8 % | 78,9 % | 70,8 % |
| | Вкупно: | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % |

Мислењето на испитаниците во однос на преферираниот род на назначеното лице каде корупцијата може да се пријави се прилично поделени. Повеќе од половина испитаници (55 %) изјавуваат дека не би имале проблем доколку назначеното лице е маж, меѓутоа 45 % од испитаниците би преферирале корупцијата да ја пријават кај жена.





**Графикон бр. 21** Дали сметате дека би било подобро доколку назначеното лице каде што може да се пријави корупција е жена?




Одговорите на испитаниците разгледувани низ призмата на демографските податоци, покажуваат дека мнозинството (80 %) од испитаниците - мажи одговориле дека не им е важно дали назначеното лице каде може да се пријави корупција би било подобро да е жена. Две третини од испитаниците - жени вработени во јавната администрација, пак, одговориле дека назначеното лице каде може да се пријави корупција би било подобро да е жена.

**Табела број 17.**

| | | Род | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Машки | Женски | |
| Дали сметате дека би било подобро доколку назначеното лице каде што може да се пријави корупција е жена? | Да | 22,7 % | 62,8 % | 44,9 % |
| | Не | 77,3 % | 37,2 % | 55,1 % |
| | Вкупно: | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % |

Во однос на етничката припадност се забележува дека на испитаниците припадници на албанската етничка заедница за 6 % повеќе, од испитаниците етнички Македонци, им е поважно назначеното лице каде може да се пријави корупција да е жена.

**Табела број 18.**

| | | Етничка припадност | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | Албанци | Помали етнички заедници | Вкупно |
| Дали сметате дека би било подобро доколку назначеното лице каде што може да се пријави корупција е жена? | Да | 44,0 % | 50,0 % | 34,2 % | 44,9 % |
| | Не | 56,0 % | 50,0 % | 65,8 % | 55,1 % |
| Вкупно: | | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % |



Извештај од истражување на перцепцијата за родовите форми на корупцијата во јавната администрација во Република Северна Македонија

# 9. Искоренување на корупцијата

Во однос на прашањето: Дали е можно да се искорени корупцијата во јавната администрација одговорите покажуваат дека испитаниците изразуваат надеж во можноста за справување со корупцијата. Повеќе од една третина од испитаниците (37 %) сметаат дека корупцијата може целосно да се искорени или значително да се намали, додека 39 % сметаат дека таа може да се намали до одреден степен. Сепак, речиси една петтина од испитаниците вработени во јавната администрација (21 %) немаат доверба дека корупцијата во јавната администрација, воопшто може да се намали.

**Графикон бр. 22** Дали е можно да се искорени корупцијата во јавната администрација?



Од одговорите на испитаниците поврзани со искоренувањето на корупцијата во јавната администрација, разгледувани низ призмата на етничката припадност на испитаниците, се забележува дека припадниците на албанската етничка заедница изразуваат поголем оптимизам дека корупцијата значително може да се намали.

**Табела број 18.**

| | | Етничка припадност | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | Албанци | Помали етнички заедници | Вкупно |
| Дали е можно да се искорени корупцијата во јавната администрација? | Корупцијата воопшто не може да се намали | 22,5 % | 12,6 % | 36,8 % | 20,8 % |
| | Корупцијата може да се намали до одреден степен | 39,8 % | 38,9 % | 23,7 % | 38,8 % |
| | Корупцијата може значително да се намали | 27,9 % | 38,9 % | 23,7 % | 30,3 % |
| | Корупцијата може целосно да се искорени | 6,8 % | 7,9 % | 13,2 % | 7,4 % |
| | Не знам | 3,0 % | 1,6 % | 2,6 % | 2,6 % |
| | Вкупно: | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % | 100,0 % |

Испитаниците кои изразија оптимизам дека корупцијата може да се намали или искорени, беа дополнително запрашани за начините на кои сметаат дека тоа е можно да се направи. Прашањето беше со можност за повеќе одговори и испитаниците во најголем обем ги лоцираа построгите закони (78 %) и кривичниот прогон (70 %) како најсоодветни начини за борба против корупцијата и нејзиното намалување во рамките на јавната администрација. Понатаму, како делотворни начини за намалување на корупцијата испитаниците ги истакнаа: охрабрувањето за обелоденување на случаите поврзани со корупцијата (47 %), зголемување





на степенот на транспарентност (37 %), јавната кампања (26 %) и јавната стигматизација (25 %).

**Графикон бр. 23** На кој начин сметате дека е можно да се намали или искорени корупцијата во јавната администрација? (прашање со можност за повеќе одговори, збирот на проценти може да надминува 100 %)




Испитаниците кои претходно изразија песимизам дека корупцијата не може да се намали или искорени (21 % или 167 испитаници), беа дополнително запрашани за причините поради кои го генерираат овој став.

Прашањето беше со можност за повеќе одговори и испитаниците во најголем обем причините за безуспешната борба за намалување на корупцијата ја гледаат во нејзината преголема распространетост и дека таа веќе е претопена во менталитетот на народот (63 %). Исто така, повеќе од 60 % од одговорите се лоцирани и во неспроведување на законите и неказнување на прекршителите. Според испитаниците, потребно е да се обелоденуваат процесуирани случаи, со што ќе се покаже дека системот се бори, се справува и до крај ги реализира постапките поврзани со корупцијата.

**Графикон бр. 24** Зошто сметате дека корупцијата во јавната администрација не може да се намали?






Извештај од истражување на перцепцијата за родовите форми на корупцијата во јавната администрација во Република Северна Македонија

# КЛУЧНИ НАОДИ

## Корупцијата како проблем

- Речиси една четвртина, односно 23 % од испитаниците истакнале дека корупцијата е **голем проблем**, 39 % истакнале дека таа е мал проблем, додека за една третина од испитаниците корупцијата воопшто не претставува проблем на нивното работно место во јавната администрација.

## Поттикнување и подложност на корупција

- Околу две третини од испитаниците (68 %) истакнале дека **не препознаваат родови аспекти на корупцијата,** односно и мажите и жените се подеднакво подложни на корупција. Околу 15 % од испитаниците сметаат дека кај жените подложноста кон корупција е помала отколку кај мажите, но речиси еден од десет испитаници, пак, сметаат сосема спротивно, дека жените се повеќе подложни на корупција во однос на мажите.

- Повеќе од половина (55 %) од испитаниците сметаат дека жените вработени во јавната администрација се **подеднакво корумпирани** кога се наоѓаат на повисоки позиции на моќ или раководни позиции. Околу 29 % од испитаниците сметаат дека жените се помалку корумпирани кога се наоѓаат на повисоки позиции, но еден од десет испитаници, сметаат дека тие, сепак, се покорумпирани кога се наоѓаат на повисоки позиции на моќ или раководни позиции.

Извештај од истражување на перцепцијата за родовите форми на корупцијата во јавната администрација во Република Северна Македонија

## Изнуда на сексуални услуги од вработени во државна администрација кон граѓани како корисници на услуги

- Изнудата на сексуални услуги од страна на вработени во јавната администрација во замена за давање на некоја услуга како **форма на корупција ја препознаваат околу 61 % од испитаниците,** вработени во јавната администрација (42 % изразиле потполна согласност со изјавата додека 19 % донекаде се согласуваат).
- 11 % од испитаниците сметаат дека изнудата на сексуални услуги за реализирање на некоја услуга во рамките на јавната администрација, не претставува форма на корупција, додека 8 % од испитаниците изразуваат мало сомневање. Кај една петтина (21 %) од испитаниците, вработени во јавната администрација, се забележува неутрален став.
- Треба да се изнајдат механизми за унапредување на дискусијата, следење на состојбите и информирање на јавноста за темите поврзани со изнуда на сексуални услуги како форма на корупција.

## Препознатливост на специфични форми на корупција

- Повеќе од 60 % од одговорите на испитаниците се дека изнудата на сексуални услуги, како специфична форма на корупцијата, недоволно е позната и препознаена во јавноста – во дискусиите, во политиките и законските прописи во нашата земја (агрегирани податоци„"малку" или „воопшто" не се знае за оваа тема).
- 11 % од испитаниците, сметаат дека воопшто не се знае за сексуалната изнуда како форма на корупција во земјава,
- Повеќе од една третина од испитаниците вработени во јавниот сектор сметаат дека сексуалната изнуда како форма на корупцијата е доволно позната и препознаена во јавноста.
- Веројатноста дека лицата на позиции, бараат сексуални услуги, наместо други форми на корупција (пари/мито), е дека тоа се случува понекогаш (37 %).

  Околу една третина или 34 % од испитаниците истакнале дека тоа се ретки ситуации, додека, пак, 13 % сосема се сомневаат во веројатноста дека лицата од позиција на моќ бараат сексуални услуги, наместо други форми на корупција (пари/мито).

  14 % од испитаниците истакнуваат дека појавата е честа и 1 % испитаниците сметаат дека постојана практика е лицата од позиција на моќ да бараат сексуални услуги наместо други форми на корупција.

## Присуство на сексуална изнуда во институции

- Институција во којашто испитаниците вработени во јавната администрација, сметаат дека најчесто се случува сексуалната изнуда како форма на корупција, е **здравството**. Агрегираните одговори на „постојано" и „често", сочинуваат 23 % од испитаниците кои детектираат злоупотреба на јавната функција или овластувања заради добивање на сексуални услуги (од страна на граѓанин кој дошол кај вработен во државната администрација а тој изнудува сексуални услуги во замена за услуга која е надлежен да ја изврши).
- Околу една третина од испитаниците сметаат дека најчестите ситуации во коишто лицата кои се на позиција на моќ бараат сексуални услуги во замена за давање на јавна услуга за која се надлежни се за **вработување** (30 %) и **избегнување казна** или проблем кој го имаат барателите на услугата (25 %).

- По една петтина испитаници сметаат дека лицата кои се на позиција на моќ најчесто бараат сексуални услуги во замена за **обезбедување на подобар третман** (21 %) и за да се **забрза некоја работа или процедура** која им е потребна на барателите на услугата.

## Изнуда на сексуални услуги во рамките на самите јавни институции (вработени од позиција на авторитет и моќ кон останатите вработени)

- Повеќе од половина (54 %) од испитаниците, вработени во јавната администрација се согласуваат дека изнудата на сексуални услуги од страна на вработени во јавната администрација од позиција на авторитет и моќ кон останатите вработени во рамките на самата институција претставува форма на корупција.
- Кај 23 % од испитаниците вработени во јавната администрација се забележува неутрален став поврзан со препознавањето на изнудата на сексуални услуги како форма на корупција.
- Еден од десет испитаници истакнал дека изнудата на сексуални услуги воопшто не се случува во нашата земја, додека седум од десет испитаници истакнале дека тоа е изолирана појава која се сретнува понекогаш (35 %) или ретко (35 %) во нашата земја.
- Зачестеноста на појавата на изнуда на сексуални услуги од страна на вработени во јавната администрација ја забележуваат 17 % од испитаниците но 3 % од испитаниците истакнале дека оваа појава е актуелна и се случува постојано во нашата земја.





## Лично искуство

- Речиси две третини (65 %) од испитаниците не истакнуваат ниту лично ниту туѓо искуство поврзано со сексуалната изнуда како форма на корупција.

  Околу 24 % од испитаниците истакнале дека немале лично искуство но познаваат некого кој минал низ оваа форма на корупција и 3 % од испитаниците кои лично доживеале и се справиле со последиците на изнуда на сексуални услуги. Од овие 3 % испитаници, 33 % се мажи а 67 % се жени.
- Четири од десет испитаници сметаат дека најчестите ситуации во коишто лице од позиција на авторитет и моќ (шеф, раководител, директор..), бара сексуални услуги од вработени на пониски работни позиции се ситуации за зачувување на работното место (41 %) додека 36 % сметаат дека тоа, најчесто, се случува за унапредување на работното место.
- Од 22 испитаника кои имале лично искуство со изнуда на сексуални услуги, 82 % не пријавиле додека 9 % од испитаниците ја пријавиле изнудата. Двајца испитаници или 9 % одбиле да одговорат на ова прашање.
- Од вкупно 27 % или 211 испитаници (како 100 %), кои познаваат некого што се соочил со изнудата на сексуални услуги, само 7 % од нив имаат сознанија дека жртвата го пријавила делото.
- Доколку во иднина би им се случило изнуда на сексуални услуги, 63 % од испитаниците би го пријавиле делото, а 17 % од испитаниците истото би го задржале само за себе.
- Еден од десет испитаници смета дека нема каде да се пријави ваков вид на прекршок додека 11 % од испитаниците изразиле неможност да си претставаат хипотетичка ситуација за изнуда на сексуални услуги која би ја пријавиле.
- Од 448 испитаници кои би пријавиле доколку во иднина доживеат изнуда на сексуални услуги, 24 % случајот би го пријавиле во самата

институција каде истиот се случил, додека, пак, мнозинството испитаници (76 % ) случајот би го пријавиле во друга соодветна надворешна институција.

- Една третина од вкупно 106 испитаници кои сексуалната изнуда би ја пријавиле во самата институција, каде што тоа им се случило, истото би го сториле кај директорот. Околу 40 % од испитаниците, случајот би го пријавиле кај нивните претпоставени лица, а 8 % случката би ја споделиле само со колегите. Само 5 % од испитаниците би се обратиле во Одделот за заштитеното внатрешно пријавување.
- Испитаниците кои истакнале дека сексуалната изнуда би ја пријавиле во надворешна институција, најчесто тоа би го сториле во полицијата (65 %), 20 % од испитаниците би се обратиле во Државната комисија за спречување на корупцијата, 10 % би пријавиле кај народниот правобранител, а 4 % од испитаниците се изјаснија дека случајот би го пријавиле во граѓански организации.
- Од вкупно 118 испитаници, 39 % или 46 од нив, истакнуваат недоверба во системот со одговорот дека пријавувањето нема да има никаков ефект, додека 22 % или 26 испитаници не би пријавиле поради срам од околината. Кај 19 % или кај 23 испитаници главната причина е стравот од осуда, додека, пак, кај 12 % или кај 14 испитаници, би преовладал стравот од отказ на работното место. Околу 3 % или 4 испитаници не би пријавиле изнуда на сексуални услуги како би избегнале понатамошен притисок на работното место.

## Заштитено пријавување

- 71 % од испитаниците вработени во јавната администрација не се информирани за можноста за заштитено пријавување во институцијата каде што работат. Само три од десет испитаници слушнале за постоењето на ваква служба.



Извештај од истражување на перцепцијата за родовите форми на корупцијата во јавната администрација во Република Северна Македонија

- Повеќе од половината испитаници (55 %) изјавуваат дека не би имале проблем доколку назначеното лице е маж, меѓутоа, 45 % од испитаниците би преферирале корупцијата да ја пријават кај жена.
- Треба да се преземат дополнителни напори за информирање на вработените поврзани со постоењето и постапувањето во согласност со механизмот за заштитено внатрешно пријавување.

## Искоренување на корупцијата

- Повеќе од една третина од испитаниците (37 %) сметаат дека корупцијата може целосно да се искорени или значително да се намали, додека 39 % од испитаниците сметаат дека таа може да се намали до одреден степен. Сепак, речиси една петтина од испитаниците вработени во јавната администрација (21 %) немаат доверба дека корупцијата во јавната администрација, воопшто, може да се намали.
- Начините на кои е можно искоренување на корупцијата се: построгите закони (78 %), кривичниот прогон (70 %) охрабрувањето за обелоденување на случаите поврзани со корупцијата (47 %), зголемување на степенот на транспарентност (37 %), јавната кампања (26 %) и јавната стигматизација (25 %).
- Безуспешната борба за намалување на корупцијата се огледа во нејзината преголема распространетост и дека таа веќе е претопена во менталитетот на народот (63 %) и неспроведувањето на законите и неказнувањето на прекршителите.
- Испитаниците ги сметаат репресивните мерки за поефикасни отколку превенцијата.




ISBN: 978-92-9271-069-9